Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________
_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 466-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 27-ми ноември 2023 година**

Седницата се одржа на ден: 27.11.2023, понеделник во 10:30 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **Ханиф Зендели** заменик претседател;
- **м-р Антоанета Димовска**, член;
- **Мери Радевска**, член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Сурoји**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(уредно поканета, известила за причините за отсуство - користи боледување)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *уредно поканет, но не известил за причините за отсуство)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар;
- **Гордана Дувњак**, државен советник;
- **Вера Андрејчин**, советник;
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл.8 ст.1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 466-та седница.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека претставката УПП.бр.08-203/23 е разгледана на претходната седница, но од причина што меѓувреме се утврдени нови факти и околности, предложи истата да се преотвори и повторно разгледа.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и предложи точката разно да се прошири со нова потточка - дополнување на Деловникот за работа на Судскиот совет.

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување на Нацрт измена на Колективниот договор за административните службеници и другите вработени во Судскиот совет на Република Северна Македонија;
2. Разгледување на предлог правилник за измена на Правилникот за систематизација на работни места во Судски совет на Република Северна Македонија;
3. Одлучување по барање за патни трошоци;
4. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:

- УПП бр. 319/23;
- УПП бр. 303/23, 334/23, 366/23;
- УПП бр. 239/23, 290/23, 307/23, 348/23;
- УПП бр. 326/23, 364/23;
- УПП бр. 314/23, 335/23, 347/23;
- УПП бр. 315/23, 336/23, 341/23;
- УПП бр. 218/23, 292/23, 300/23, 311/23, 333/23;
- УПП бр. 259/23, 304/23, 330/23;
- УПП бр. 277/23, 302/23, 312/23 и

- УПП бр. 328/23, 338/23;

5. Разгледување на извештаи од работни посети на Основен граѓански суд Скопје, Основен кривичен суд Скопје, Апелационен суд Скопје и Врховен суд на РСМ;
6. Одлучување по известување и
7. Разно.

***Напомена:*** *Поради технички проблеми со микрофонот на членот на Советот Весна Дамева, тонскиот запис кој произлегува од наведениот уред е неразбирлив и од таа причина дискусиите на посочениот член се изоставени.*

**Точка 1**

(Разгледување на Нацрт измена на Колективниот договор за административните службеници и другите вработени во Судскиот совет на Република Северна Македонија)

● По повод 1-та точка од дневниот ред претседателот на Советот **Сашко Георгиев** информираше дека Стручната служба на Судскиот совет предлага измена на колективниот договор, односно склучување на нов колективен договор. За конктретното прашање ангажиран е преговарач, проф. Илија Манасиевски, каде заедно со преставници на синдикатот, како претставници на вработените и претседателот на Советот, членот на Советот Антоанета Димовска и членот на Советот Миљазим Мустафа се впуштени во процесот на коректно решавање на проблемот за измена на колективниот договор. Меѓувреме е побарано и мислење од Министерството за финансии, од каде што нема согласност за склучување на договор заради финансиските имплкации кои би произлегле од склучувањето на истиот. Согласно законската процедура преговорите се временски ограничени на 20 дена и тој рок истекува на 4-ти декември, па до тогаш треба да се има одговор дали се прифаќа предлогот или преговорите се неуспешни. Исто така, доколку сега не се постигне договор, во иднина може да се склучи нов преговарачки циклус.

Во продолжение, претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека сосема е лигитимно вработените да бараат да се пристапи кон договарање и да се склучи анекс на колективниот договор и во таа насока средбата со медијаторот е остварена. Проблемот е во тоа што вработените своите права ќе ги остварат во рамките на буџетот, а се работи за платите и надоместоците во рамките на буџетот што ќе го определи и даде на извршување Владата на РСМ. Од друга страна, ЗРО не го ограничува Советот да преговара и да договара со работниците по однос на нивните права. Би било чесно да се каже дека што и да се договори во моментот нема средства да се исполни. Би било чесно и да се каже дека ЗРО обврзува да се преговара. Треба процесот на преговарање да продолжи и да се искаже цврстиот став дека тоа што Владата не го исполнува, тоа што треба да го даде од буџетот, а тоа е 0,8%, а сега се добива 0,3% не треба да го спречи преговарањето. Ситуацијата е шах-мат, но предложи да се продолжи со преговарање, нова рунда на преговори, ама по жестока. Министерството за финансии укажа дека нема средства, Советот сака да преговара, ги разбира потребите на вработените и нивните желби коишто не се надвор од законот и кои се многу легитимни, но Советот не може да

го потпише колективниот договор, затоа што како договорна страна треба да го исполни тоа што е потпишано. Во моментот треба да се продолжи со преговарањето и да бидат пожестоки. Активни се, но нема одѕив од другата страна, од третата страна. Има согласност со вработените дека треба да се потпише анекс договорот, но третата страна од која се зависи и која треба да ги поднесува финансиските импликации вели нема пари. Но, во тој буџет учествуваат со нешто што е под минимум, под тоа што им следува. Предложи, бидејќи на 4-ти декември завршуваат 20 дена од преговорите, да се отпочне нова рунда на преговори, затоа што тоа е обврска на Советот. Обврска е на Советот да се преговара и договора во името на вработените. Тешко ќе оди, но тоа е легитимно право, засновано на закон и мора да се направи. Веднаш да се отпочне нова рунда на преговори.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека правата на работниците се регулирани со закон и со колективните договори. Во конкретниот случај имајќи го во предвид фактот дека барањето на вработените е сосема реално и неопходно да биде уредено со колективен договор, преговорите треба да продолжат, меѓутоа треба да продолжат со Владата. Министерството за финансии е дел од Владата, еден ресор од Владата. Неспорно е дека тоа министерство е надлежно да се грижи за извршување на буџетот, меѓутоа Министерството за финансии не може да биде единствен преговарач. Мора да се преговара со целата Влада. Посочи дека тоа го има кажано уште од првиот момент кога е добиено барањето од вработените и треба да бидат упорни, со аргументи зошто сакаат тоа да биде реализирано.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека основно е дали има средства во буџетот предвидени за наредната година, бидејќи оваа веќе завршува. За конкретната намена кога се креирал буџетот за наредната година дали се предвидени тие средства. Ако тоа се успее да се направи, нема причина за да не се инсистира за извршување на буџетот и да нема никакви можности извршната власт да каже дека нема средства. Се е поврзано со буџетот во конкретниот случај, а истрајувањето во барањето треба да биде многу поголемо и постојано актуелизирано додека сето тоа не се оствари.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека од тоа што е познато, по однос на предвидливоста на буџетот станува збор за јавна или државна администрација, а во конкретниот случај станува збор за мал број на 29 - 30 вработени, од кој наредната година дел остваруваат право на пензија. Тие се во делот на предвидливоста на буџетот за сите како јавна, државна администрација, а не и во делот само за Судскиот совет. Таму е предвидена некаква динамика на зголемување на платите, но во однос како колективен договор не е предвидено.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и укажа да произлезе од седницата како конкретен заклучок, да се продолжи со медијацијата, во нов рок во кој веќе треба да се размислува за тоа веднаш со Владата да се оствари контакт и потоа да се види дали и понатаму ќе се чека на одговорот дали има средства или нема средства или ќе се пристапи кон потпишување на анексот, бидејќи во анексот не се бара ништо повеќе од она што ги имаат и другите.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека е донесен следниот:

ЗАКЛУЧОК

Во досегашните преговори со медијаторот Илија Манасиев не е постигнат договор така што е потребно да се продолжи со нови преговори, со нови рокови.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

**Точка 2**

(Разгледување на предлог правилник за измена на Правилникот за систематизација на работни места во Судски совет на Република Северна Македонија)

● По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека треба да се објасни дека измената на систематизацијата се прави за едно место. Судскиот совет не носи нова систематизација. Има допис согласно кој треба да се презземе вработен и систематизација треба да се усогласи во таа насока.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека Владата има донесено одлука за преземање на вработени од Министерството за политички систем во сите институции. Во насока на тоа е измената на Правилникот.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

ОДЛУКА

Се усвојува Правилник за измена на Правилникот за систематизација на работни места во Судски совет на Република Северна Македонија бр.01-1156/2 од 01.07.2016 година, бр.01-1592/1 од 24.11.2017 година, бр.01-451/2 од 13.03.2018 година, бр.01-451/5 од 31.10.2018 година, бр.01-1007/1 од 15.06.2021 година, бр.01-763/1 од 26.04.2022 година и бр.01-763/4 од 13.10.2022 година.

Правилник влегува во сила и ќе се применува по добивање на писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

**Точка 3**

(Одлучување по барање за патни трошоци)

● По повод 3-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев информираше дека Ирена Митреска, судија на Основен граѓански суд Скопје на ден 21.11.2023 година до Судскиот совет на Република Северна Македонија достави барање за надомест на трошоци за превоз.

Во барањето судијата наведува дека со одлука на Судскиот совет на РСМ е избрана за судија на Основен граѓански суд Скопје, а со решение на Советот е времено упатена за вршење на судиската функција во Основен суд Кичево од 09.11.2023 година за период од една година од денот на упатувањето. Со оглед на околноста што живее во една општина, а функцијата судија ќе ја извршува во друга општина, во која општина ниту таа, ниту членови на нејзиното семејство не поседуваат недвижност, бара да и се утврди правото на надомест на трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај на релација Скопје-Кичево и обратно.

Кон барањето судијата има приложено одлука за избор на судија, решение за времено упатување, потврда за цената на возниот билет на релација Скопје-Кичево и обратно, изјава заверена кај нотар и фотокопија од лична карта.

Постапувајќи по барањето се разгледа доставената документација и се утврди дека судијата е со живеалиште во Скопје, дека е врмено упатена во Основен суд Кичево како и дека во град Кичево каде ја извршува судиската функција, ниту таа, ниту членови на нејзиното семејство немаат недвижен имот.

Врз основа на наведените причини, а согласно чл.12 ст.1 ал.2 од Законот за платите на судиите, предложи да се констатира дека на судијата и следува надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 09.11.2023 година, па во иднина се додека ја извршува судиската функција во Основен суд Кичево, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје-Кичево и обратно.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека членот на Советот Ивица Николовски ја напушти седницата од оправдани причини.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против" предлогот е усвоен и донесено е следното:

РЕШЕНИЕ

Барањето на Ирена Митреска, судија на Основен граѓански суд Скопје за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА.

На Ирена Митреска, судија на Основен граѓански суд Скопје и се СЕ УТВР ДУВА

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 09.11.2023 година, па во иднина се додека ја

извршува функцијата судија во Основен суд Кичево, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје-Кичево и обратно.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

**Точка 4**

(Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија)

**1.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Мери Радевска** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавената претставка.

Претставка **УПП.бр.319/23** од 04.10.2023 година - Подносителот Т.Ш. од Валандово изразува незадоволство од непрофесионално, пристрасно,нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Укажува дека станува збор за предмет – физичка делба на недвижен имот. Во претставката дава осврт на текот на постапката по предметот првично заведен под ВПП1-6/19, сега ВПП1-3/23. Дава забелешка по однос на супервештачењето и дополнувањето на истото и смета дека истите се контрадикторни и изразува незадоволство во делот на тоа дека судијата не го прифатил барањето да се повикаат вештите лица на расправа. Бара Советот да ја испита работата на судијата, да направи увид во предметот и да преземе соодветни дејствија согласно закон.Советот констатира дека се работи за постар и сложен предмет кој сеуште е во тек и е во фаза на изготвување на одлука. Воедно Советот не е надлежен да по предмет кој сеуште е во тек презема мерки против судија и се меша во работењето на судијата. Имено, видно од детално образложената изјава на судијата истиот ги презел сите потребни дејствија и мерки, постапил и по напатствијата дадени од второстепениот суд. Наводите на подносителот откако ќе заврши првостепената постапка можат да бидат предмет на разгледување од страна на надлежен второстепен суд во жалбена постапка. Согласно чл.13 ст.3 од Законот за судови каде е предвидено дека судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. Согласно членот 11 од истиот закон судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, па согласно истото Советот нема надлежност да менува судски пресуди.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека членот на Советот Ивица Николовски повторно е присутен на седницата.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

**2.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Антоанета Димовска** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП.бр.08-303/23**. Во претставката, меѓу другото, подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Основен граѓански суд Скопје по предметот ВПП.бр.501/20. Судот донел решение ВПП.бр.501/20 од 16.08.2021 година со кој била усвоен предлогот на предлагачот – Република Србија, Министерство за финансии и ја признал странската одлука. Бидејќи бил поднесен приговор оформен е предмет ПСО1.бр.4/21. Наведува дека суди судијата постапувајќи по предметот не вршел достава на противникот во постапката за признавање на странска пресуда – ЈИК Банка АД Белград во стечај, никаков акт, покана и други документи. Сите писмена, одлуки и покани судот ги доставувал до Х.Б. АД Скопје која не била странка во постапката. Согласно член 2 став 2 од Законот за ратификација на договорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Србија државјаните на едната држава договорничка на територијата на друга држава договорничка имаат слободен пристап пред судовите и другите органи. Во конкретниот случлај судијата немал доставено ниту еден правен акт, покана или поднесок до спротивната страна, со што се прави суштествена повреда на одредбите од постапката, со што оневозможува на прдлагачот – Република Србија, Министерство за финансии да ги ползува правата на признаената судска одлука. Според подносителот судијата постапувал по приговор од неовластено лице и ги игнорирала барањата на предлагачот приговорот да биде отфрлен. Видно од записниците како предлагач се наведува Република Србија, Министерство за финансии, а противник ЈИК Банка АД Белград. Во претставката појаснува дека Х.Б. АД Скопје не била наведена во ниту едно својство во записникот, само во долниот дел каде е наведено дека за Х.Б. АД Скопје е присутен адвокат Н.Д. од Скопје. Приговорот бил поднесен од Х.Б. на 07.09.2021 година. Судот не донел никакво решение со кое би признал парво на Х.Б. АД Скопје да биде учесник во постапката. За вакво нешто не бил поднесен ниту предлог, ниту барање до судот. Согласно наведеното смета дека Х.Б. АД Скопје не е странка и не е дел од постапката за признавање на странска пресуда, ниту пак била странака во постапката во решението на Стопанскиот суд во Белград СТ.бр.77/2010 од 31.07.2020 година чие признавање се бара. Оттука Х.Б. АД Скопје нема право на приговор, ниту било какви други права во постапката за признавање на странска одлука. Од спроведените извиди,

увидот во претставката, прилозите на истата и изјавата на судијата кој постапува по предметот, Советот најде дека по предлог на предлагачот – Република Србија, Министерство за финансии поднесен на 11.12.2020 година пред Основен граѓански суд Скопје поведена била постапка за признавање на странска одлука - решението на Стопанскиот суд во Белград СТ.бр.77/2010 од 31.07.2020 година. Заведен бил предмет ВПП.бр.501/20. Со известување до Х.Б. АД Скопје од 24.12.2020 година со пропратно писмо бил доставен примерок од предлогот за признавање на странска одлука. Во текот на постапката биле доставени повеќе поднесоци за произнесување по предлогот за признавање на странска одлука од страна на Х.Б. АД Скопје. Од страна на судот било донесено решение ВПП.бр.501/10 од 16.08.2021 година со кое било усвоено барањето за признавање на странска одлука. Во доставна наредба во наведеното решение наведено е дека истото треба да се достави до предлагачот. Од страна на Х.Б. АД Скопје бил поднесен приговор, кој бил доставен до ДП на Република Србија и согласно законските одредби било закажано рочиште, а предметот бил презваден под ПСО1.бр.4/21. Во постапувањето по предметот било обезбедено и присуство на овлстен судски преведувач. Подносителот доставил поднесок до судот пред рочиштето од 25.05.2022 година, примен во судот на 23.05.2022 година, заради што истото било одложено. Исто така немал обезбедено ниту уредно полномошно за застапување на предлагачот. Во текот на постапката биле одржани повеќе рочишта и биле доставени повеќе поднесоци од страна на предлагачот. Последоното рочиште закажано за ден 29.09.2023 година исто така било одложено бидејќи подносителот доставил поднесок примен во судот на ден 25.09.2023 година, кој потоа бил испратен до полномошникот на Х.Б. АД Скопје. Во врска со приговорот на подносителот за тоа дали Х.Б. АД има странкарска способност во постапката, Советот му укажува дека се работи за исклучива надлежност на судот, кој треба да се произнесе за истиот. Согласно горенаведеното, бидејќи постапката сеуште трае, а наводите во претставката преставуваат жалбени наводи, по донесување на мериторна одлука, доколку подносителот е незадоволен има право на жалба до второстепениот суд, па воедно наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето. Советот му укажува на подносителот дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка **УПП.бр.08-334/23**. Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека на 29.09.2022 година е издадено одобрение за градба заведено под Уп1.бр.20-168 на него како соинсвеститор и на С.Ч., кое станало конечно на 17.02.2023 година. По барање на Општина Охрид добиено било известување од Управниот суд дека против решението на Министерството за транспорт и врски Уп2.бр.32-488/2022 бил заведен управен спор по предметот У-3.бр.76/2023 од 24.02.2023 година. Наведува дека повеќе од 8 месеци судот не постапувал по предметот, заради што трпите голема парична штета на дневна основа. Исто така укажуава дека се обратил до судот, но оттаму го известиле дека предметот не бил приоритетен и не бил земен во работа. Од увидот во претставката и изјавата на судијата известител, Советот најде дека е заведен спор и оформен предмет во Управниот суд У-3.бр.76/2023, по тужба поднесена на 24.02.2023 година од страна на тужителот И.Ч. од Охрид, преку полномошник Н.Л., адвокат од Охрид, против решението на Министерството за транспорт и врски Уп2.бр.32-

488/2022 од 12.12.2022 година. Од страна на Министерството за транспорт и врски списите по предметот биле доставени до судот на 13.04.2023 година. Со оглед на тоа дека предметот У-3.бр.76/2023 не бил земен во работа подолго време односно повеќе од 6 месеци од страна на судијата известител, претставката е основана. Од овие причини Судскиот совет на Република Северна Македонија, во врска со предметот У-3.бр.76/2023 на Управниот суд ќе преземе дејствија согласно законските надлежности.

Во продолжение се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека не може да се согласи со предлогот претставката да се одбие како неоснована, при тоа не давајќи аргументи зошто од страна на судијата или од страна на претседателот не е распореден предеметот во работа. Не може да не се почитува правото на граѓаните за решавање на споровите во еден разумен рок, а согласно роковите дадени и во Деловникот за работа и во процесните закони. Тоа што Управниот суд нема доволен број на судии или има многу предмети не е оправдување да постои таква слобода кој како сака или кога сака да го земе предметот во работа и по 8 месеци да презема процесно дејство поврзано со предметот. Зошто 8 месеци предметот не е земен во работа и дали за тој период некои предмети се земени во работа, а конкретниот не? Во таа насока треба да се движат кога ги испитуваат претставките.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека се раководи од изјавата на судијата известител, кој јасно кажува дека предметите се решаваат по редослед. Управниот суд е еден суд за управната постапка на територијата на РСМ и приливот на предмети е обемен, но доколку колегите сметаат дека треба да се направи посеопфатна анализа и приберат и други податоци нема проблем да ја повлече претставката.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека состојбата во судството е позната, тоа не е случај само со Управниот суд и во другите судовите има недостаток на судии. Но, странката не ја интересира каква е состојбата во судството, граѓаните бараат да им се решаваат предметите. Укажа ваквите претставки да се усвојуваат како основани, меѓутоа од објективни причини не може да се препише како негативна последица постапувањето на судијата ако навистина редоследно ги решава предметите и нема застој од неоправдани причини.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека нејзиниот предлогот бил неоснова, но од дискусиите произлегува претставката да биде основана и да се достави до координаторот за следење.

Откако повеќе никој не се јави за збор известителот продолжи со реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП.бр.08-366/23**. Во претставката, меѓу другото, подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Основен кривичен суд Скопје по предметот КОК.бр.32/22. Постапката завршила со донесување на ослободителна пресуда

КОК.бр.32/22 од 14.06.2022 година, која станала проавислна на 29.09.2022 година. По однос на трошоците на постапката првостепениот судија донел дополнително решение КОК.бр.32/22 од 15.02.2023 година со кое биле определени трошоци во износ од 680.160,00 денари. Наведува дека судијата не ги утврдил трошоците на постапката согласно Тарифата за награда и надоместок за работата на адвокатите и истите не биле досудени согласно преземените дејствија. За застапување на одржаните главни расправи била пресметана на начин што основицата од 12.000 денари е зголемена за 30% паушал и 20% часовнина или вкупно 18.720,00 денари за една одржана расправа. Ако има повеќе обвинети лица за секое наредно лице по 25%, но не повеќе од 5 пати од предвидената награда од член 8 од Тарифата. Во конкретниот случај имало одржано повеќе расправи и постапката била со 5 обвинети, наградата треба да биде зголемена 5 пати што значи вкупно 42.120,00 денари за една распарава односно вкупната награда за одржаните расправи со 5 обвинети треба да биде 800.280,00 денари. По однос на наградата за одложени расправи и тоа за 17 одложени расправи, наградата била погрешно пресметана и спротивно на АТ односно наградата за одложена расправа била пресметана без основица што според подносителот е погрешно. Оттука крајниот збир на трошоците за застапување за одржани и одложени расправи изнесува 1.443.780,00 денари. Исто така наведува дека погрешно е пресметана наградата за одбрана на јавна седница пред второстепениот суд која треба да биде зголемена 5 пати по 25% или се вкупно 42.120,00 денари. Понатаму според подносителот погрешно биле утврдени наградите за состав на жалба против пресуда на првостепениот суд, наградата за состав на одоговор на жалба и наградата за состав на жалба против решенија за определување и продолжување на мерката притвор. Согласно наведеното, нападнатото решение според подносителот е нејасно и противречно и во крајната калкулација на вкупниот износ на трошоците. Вкупниот износ на трошоците наведен во изреката на нападнатото решение не соодевствува со вкупниот збир на трошоци наведен во образложението на решението. Оттука вкупно нанесената штета смета дека изнесува 763.620,00 денари. Од спроведените извиди и увидот во претставката, бидејќи прилози на претставката не се доставени до Советот, истиот најде дека против дополнителното решение КОК.бр.32/22 од 15.02.2023 година со кое на подносителот му биле определени трошоци во износ од 680.160,00 денари истиот можел да поднесе жалба, па бидејќи наводите во претставката воедно преставуваат и жалбени наводи, второстепениот суд ќе ги има во предвид како такви при одлучувањето. Ви укажуваме дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП.бр.08-334/23 гласањето се издвои и се констатира дека со 7 гласа „За“ и 5 гласа „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на наведената претставка.

Претставката е основана.

Со претставката се задолжува координаторот на предметниот суд со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.

Во продолжение се спроведе гласање за преостанатите претставки и се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

**3.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Лорета Горгиева** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП.бр.08-239/23**. Во претставката, меѓу другото, подносителот наведува дека се работи за предмет К.бр.287/18 на Основниот кривичен суд Скопје и незадоволството се состои во тоа што предметот на Основниот кривичен суд Скопје во текот на 2022 година застарел заради што постапката била запрена. Се работи за кривичен предмет и за кривичен настан случен на 31.07.2012 година каде сега подносителот на претставката како оштетен претрпел повреда на работа, меѓутоа самото обвинение е поднесено до судот на 07.02.2018 година. Подносителот на претставката се жали на бавното постапување на државниот инспектор за труд, на бавното постапување на обвинителството и судот. Побарана е изјава од судијата кој постапувал по предметот и истата е доставена до Советот. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите кон истата и изјавата на судијата кој постапувал по преметот, Советот најде дека се работи за обвинителен предлог КО 3.бр.1113/12 од 22.01.2018 година против физички лица за кривично дело 292 став 3 в.в. со член 289 став 2 в.в. со став 1 од КЗ и обвинителен предлог против 2 правни лица за кривично дело од член 289 став 3 в.в. со став 1 од КЗ. Судијата кој постапувал презел се, со цел навремено да го заврши предметот и во меѓувреме предметот е даден во работа на друг судија согласно распоредот за работа за 2022 година. Врховниот суд на РСМ со решение ПСРРК.бр.42/2022 од 06.03.2023 година го одбил како неосновано барањето на подносителот за заштита на правото на судење во разумен рок по наведениот предмет. Имено, во моментот на приемот на овој предмет од страна на судијата кој постапувал по предметот од 21.03.2022 година и согласно одредбите за застареност на кривично гонење настапила апсолутна застареност на 31.07.2022 година, што значи судијата имала 4 месеци и 10 дена да постапува судијата за кој период насрочила вкупно 7 рочишта односно 8 на кое била констатирана застареноста. Закажаното рочиште за 15.04.2022 година се одложило од причинина што не биле исполнети законските услови,

па судијата насрочила и определила два термина за главна расправа и тоа на 21.04.2022 година и 18.05.2022 година. Рочиштето на 21.04.2022 година било одложено поради отуство на обвинетите, а на расправата од 18.05.202 година постапката започнала одново поради промена на составот на советот, согласно член 371 став 2 од ЗКП и странките не дале сосгласност  да се читаат исказите на вештите лица сослушани претходно, заради што судот закажал расправа за 31.05.2022 година. На оваа расправа судот го испитал вештото лице, а за другото вешто лице судот констатирал дека не е присутно на расправата односно во списите немало доказ за вратена повратница. На 28.06.2022 година судот го сослушал и ова вешто лице. Рочиштето закажано за 11.07.2022 година се одложило бидејќи не биле исполнети законските претспоставки за одржување на истото. Рочиштето од 14.07.2022 година се одржало и судот вон главна расправа го испитала сведокот. На расправата од 15.09.2022 година судот констатирал дека по однос на обвинетите кривичното гонење е застарено. Имајќи го предвид горенаведеното, согласно своите законски надлежности Советот констатира дека е потребно да се испитаат наводите во претставката особено на околноста од кои причини по предметот претходниот судија кој постапувал по истиот, после 4 години постапување и закажување на околу 27 главни расправи не донел мериторна одлука, како и да се утврди кои се причините на неколку месеци пред застарување на предметот истиот бил даден во работа на друг судија, кој сепак за краток временски период закажал 7-8 рочишта, но немал услови за донесе конечна одлука. Од овие причини Советот изгласа дека претставката е основана. По однос на наводите во претставката кои се однесуваат за работата на Јавниот обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје, Судскиот совет на РСМ согласно своите законски надлежности не е надлежен да одлучува за работата на обвинителите, туку за тоа е надлежен Советот на јавни обвинители. Од овие причини Судскиот совет на РСМ одлучи да се извести Советот на јавните обвинители за овие наводи од претставката.

Претставка **УПП.бр.08-290/23**. Во претставката, меѓу другото, подносителката изразува незадоволство од постапувањето на Основен суд Кавадарци по предметот П1.бр.18/22. Претставката е нејасна и нецелосна, заради што Советот се обрати до истата да ја допрецизира претставката на начин што ќе наведе за што точно се однесува незадоволството за предметот. Во прилог на претставката доставена е тужба од подносителката заради незадоволство од постапување по оставинско решение О.бр.115/90 од 27.07.1990 година со кое лицето Димче Наумов е наследник на имот на мајката на подносителката. Подносителката достави одговор на барањето за дополнување на 26.10.2023 година. Советот со допис се обрати до судот со цел судијата кој постапувал по предметот да достави известување во врска со предметот П1.бр.18/22. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на истата и изјавата на судијата кој постапувал по предметот П1.бр.18/22, Советот најде дека по поднесена тужба од подносителката против првотужениот Д.Н. и второтужен-нејасно, бил оформен предметот П1.бр.18/22 во Основниот суд Кавадарци. Судот донел решение П1.бр.18/22 од 18.08.2022 година со кое тужбата на подносителката била отфрлена. Од страна на судот во прилог на изјавата на судијата доставено е и наведеното решение. Видно од решението подносителката до судот на ден 03.06.2022 година по електронски пат поднела тужба првотужениот Д.Н. и второтужен-нејасно, а на 06.06.2022 година во судот била примена тужбата во три примероци. Судот во фаза на претходно испитување

констатирал дека тужителката-подносителката не доставила доказ за лична идентификација, не бил прецизиран основот на тужбата, како и вредоста на спорот. Тужбеното барање било нејасно, неразбирливо и не бил прецизиран второтужениот со име и презиме. Од тие причини судот ја задолжил тужителката-подносителката со решение од 07.06.2022 година во рок од три дена од приемот на истото да изврши исправка и дополнение на тужбата во смисла на наведеното. Судот, по два неуспешни обиди за достава на решението до подносителката, побарал информација од МВР Скопје дали тужителката има извршено промена на адреса на живеење односно престојувалиште. Од добиеното известување од МВР судот констатирал дека последна адреса за живеење на тужителката-подносителката била таа наведена во тужбата. Поради тоа на 28.07.2022 година бил објавен оглас на огласна табла во судот и на веб сајтот со кој се повикува тужителката во рок од 8 дена да се јави во судот и да го прими решението од 07.06.2022 година. На ден 15.06.2022 година, 15.07.2022 година и 10.08.2022 година во судот биле примени поднесоци од тужителката- подносителката со кое не бил доставен доказ за лична идентификација, не бил прецизиран основот на тужбата, вредоста на спорот, не било прецизирано тужбеното барање и не биле доставени два примерока од прилозите кон тужбата. Поради тоа судот согласно член 98 став 3, член 99 став 1 и член 101 став 3, 5 и 6 од ЗПП тужбата ја отфрлил. Согласно горенаведеното, Советот констатира дека решението П1.бр.18/22 од 18.08.2022 година е јасно, разбирливо и засновано на закон. Судијата правилно одлучила кога тужбата ја отфрлила и правилно го применила материјалниот право. Доколку подносителката е незадоволна од решението истата имала право на жалба, па воедно наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претставка **УПП.бр.08-307/23** се повлекува.

Претставка **УПП.бр.08-348/23** се повлекува.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП.бр.08-239/23 гласањето се издвои и се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на наведената претставка.

Претставката е основана.

Со претставката се задолжува координаторот на предметниот суд со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.

Во продолжение се спроведе гласање за преостанатите претставки и се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложената претставка.

**4.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Советот Ивица Николовски** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП бр.08-326/23** поради незадоволство од постапување на судија на Основен суд Тетово и од донесеното решение по предмет П1-970/23 поради сторена повреда на ЗПП . Основниот суд Тетово по предметот П1-970/23 донел решение на 29.09.2023 година со кое тужбата на тужителот по основ утврдување на право на сопственост на имот стекнат во брак, се смета за повлечена . Ова согласно на членот 146 став 2 од ЗПП каде судот не постапува по тужба ниту превзема дејствије за кое не е платена судската такса. Во конкретниот случај судот видно од приложена уплатница каде тужителот не назначил за која одлука се плаќа судска такса, па оттука судот смета дека не е платена судската такса за конкретниот предмет согласно Законот за судски такси тужителот е должен на потврдата за платена судска такса за судска одлука да назначи за која одлука се плаќа такса, па судот ваквата извршена уплата не ја прифатил .Основани се наводите на подносителот дека како полномошник на странката со доставената тужба платил судска такса за тужба видно од приложена копија од образец ПП50 дека на жиро сметка на Основниот суд Тетово е изршена уплата на судска такса за тужба, во износ од 1.200,00 денари . Преставката ќе се проследи до членот на Советот -координатор за работата на Основен суд Тетово, на натамошно постапување.

Во продолжение се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека се согласува со излагањето на известителот. Како судија парничар не може да се согласи да судијата навлегува во тоа кој ја платил таксата. Битно е да се знае дека за конкретната тужба е платена таксата, а тоа е интенцијата на законодавецот, таксите да се платат. Исто така се согласува дека после 40 дена судијата решил дека да ја смета за повлечена тужбата затоа што не е платена судска такса. Претставката е основана и како да има злоупотреба на процесните одредби, кои што навистана се многу формални во претходното испитување на тужбата, но и тој формализам мора да има граница. Судската такса е платена и тужбата да се смета за повлечена само затоа што ја платил адвокатот е недозволиво.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека во материјалите освен претставката на адвокатот нема ништо друго. Корисно би било доколку една преставка се изложува како основана да биде побарана и изјава од судечкиот судија, како истиот би можел да се произнесе по наводите од претставката.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека од самото решение во прилог на претставката како известител ги извлекува сите заклучоци и се потврдуваат сите факти. Во решението е означено и број на предмет, за кој суд се работи, кој е судијата, кој се странките, што е основ на спорот и во самото решение судијата се повикува врз основа на кои одредби го донел таквото решение. Од тоа кога е доставена тужбата, па кога е донесено решението се потврдува дека е поминат извесен период. За тој период би требало при подготвување за главна расправа и водење на спорот да ги презема сите процесни дејства, но апсолутно нема други моменти. Во конкретниот случај судијата вели „видно од приложената уплатница“, значи судијата признава дека ја имал уплатницата и дека тужителот не назначил за која одлука се плаќа судската такса. Од тука се извлекува заклучок од каде подносителот ќе го назначи бројот на предметот кога таксата ја приложува заедно со тужбата, па тужбата се прифаќа во судот, па добива број, па се распоредува кај судија. Доколку нешто му било нејасно на колегата можел да го повика писмено или усно колегата и да побара дополнително образложение.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека во случајот станува збор дали судијата правилно го применил процесниот закон при донесување на решението. Што доколку основнот на тужба е врзан за некој институт каде што самиот по себе дава право на рок на поднесување на тужба во одреден период, како на пример нарушено владение. Заради таквото кршење на процесното право може да се донесе странката во состојба да не може да го искористи правото на тужба.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека за да може да се постапува понатаму по секоја тужба битно е првично да е платена таксата и воопшто не се навлегува во тоа кој ја платил таксата.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и упати прашање до известителот дали согласно заклучокот на Советот во материјалите има полномошно од адвокатот?

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека полномошно нема, но тука се жали адвокатот. Самиот судија, во самото решение го признава таквото својство, што значи има уреден полномошник.

Откако повеќе никој не се јави за збор известителот продолжи со реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП бр.08-364/23** е до Основниот суд Битола од каде е препратена до Советот на натамошно постапување. Советот по спроведени извиди, увид во доставените списи кон истата и од содржината на истите најде дека изнесените наводи

на подносителот биле предмет на разгледување, анализа, оценување и одлучување од страна на непосредно повисоките судови како надлежни да ја испитуваат законитоста на судската одлука.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП.бр.08-326/23 гласањето се издвои и се констатира дека, со 10 гласа „За“ и 2 гласа „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на наведената претставка.

Претставката е основана.

Со претставката се задолжува координаторот на предметниот суд со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.

Во продолжение се спроведе гласање за преостанатата претставка и се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложената претставка.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев даде пауза во траење од 30 минути.*

*Седницата продолжи во 13:40 минути.*

**5.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Весна Дамева** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП бр.08-314/23** од 23.09.2023 година и 24.10.2023 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапување на повеќе судии во Управниот суд, Вишиот управен суд, од судиите од Основниот суд Охрид.

Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјави од судиите на Основниот суд Охрид.

Имајќи ги во предвид наводите изнесени во претставката Советот утврди дека незадоволство се однесува на донесените одлуки од страна на Управниот суд, Вишиот управен суд и од Основниот суд Охрид, поради што утврди дека се неосновани. Од

причина што, согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

Наводите дека судијата по предметот П4-3/21 постапувал пристрасно и не дозволувал подносителот да се искаже, ниту пак го внесувал тоа што ќе го искажал, Советот утврди дека се паушални и непоткрепени со докази. Дотолку повеќе што во конкретниот случај тужбеното барање на тужителот било делумно уважено, односно најголемиот дел за договорената награда во износ од 1.000.000,00 денари било одбиено, а во текот на постапката подносителот побарал и изземање на судијата кое било одбиено како неосновано, меѓудругото и поради тоа што судијата го прифатил предлог на подносителот за изведување на доказ со негово сослушување во својство на странка.

Исто така, Советот утврди дека наводите изнесени во претставката дека барање на подносителот за изземање на Претседателот на судот било одбиено како недозволено без да се препрати на одлучување во Апелациониот суд Битола е неосновано. Од причина што согласно член 66 став 1 од ЗПП странките можат да бараат изземање само на судијата односно судијата-поротник пред кој се води постапката, односно на претседателот на судот кој треба да одлучи за барањето за изземање. Од наведената одредба произлегува дека барањето за изземање треба да биде насочено спрема судијата кој постапува по предметот, а истовремено и спрема претседателот на судот кој треба да одлучи за барањето за изземање на судечкиот судија. Меѓутоа, во конкретниот случај најпрво било побарано изземање на судечкиот судија, дури по донесеното решение за одбивање на барањето за изземање се поднело ново барање од истите причини, сега спрема Претседателот на судот, што е недозволено. Дотолку повеќе што изземање на Претседател на судот може да бара странката ако тој во определен предмет треба да ја врши судиската должност, односно да презема определени процесни дејствија или да донесува одлуки. Во конкретниот случај, Претседателот на судот ниту преземал некакви процесни дејствија, ниту донесувал некаква одлука во предметот П4-3/23, ниту пак бил во некаква врска со предметниот спор во смисла на причините за изземање предвидени во член 64 од ЗПП.

Претставка **УПП.бр.08-335/23** се повлекува заради спроведување на дополнителни извиди.

Претставка **УПП бр.08-347/23** од 31.10.2023 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапување на судијата од Основниот кривичен суд Скопје, поради одолговлекување на постапката во кривичниот предмет во кој е обвинет за кривично дело –Убиство од чл.123 ст.1 од КЗ.

Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од судијата и утврди дека постапката по наведениот предмет се води повеќе од 19 години.

Од овие причини, Советот утврди дека претставката е основана и дека треба да се проследи до координаторите за следење на работата на Основниот кривичен суд

Скопје, Апелацонен суд Скопје и Врховниот суд на Република Северна македонија, заради понатамошно следење на работата на судиите кои постапуваат по овој предмет.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП.бр.08-347/23 гласањето се издвои и се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на наведената претставка.

Претставката е основана.

Со претставката се задолжува координаторот на предметниот суд со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за иститe.

Во продолжение се спроведе гласање за преостанатата претставка и се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложената претставка.

**6.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Миљазим Мустафа** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП бр.08-315/23** се изразува незадоволство од постапување на судии на Основен суд Охрид . По однос на постапувањето на Основниот суд Охрид по предметот ВПП2-53/23 оформен по предлог за обезбедување на доказ судијата се има произнесено по претходна претставка од ист подносител евидентирана во Судскиот совет под УПП бр.08-213/23. Посочениот предмет ВПП2-53/23 судијата го добил во работа по укинување на решението ВПП2-28/23 од 29.03.2023 година со кое бил одбиен предлогот за обезбедување на доказ како неоснован, донесено од страна на друг судија а по одлука на претседателот на судот за прераспределба на предметот. По добивање на предметот судечкиот судија постапил согласно укажувањата на второстепениот суд да првостепениот суд ја спроведе постапката за обезбедување на докази. По однос на постапувањето по предметот К-208/23 произлегува дека предметот пред Основен суд Охрид е оформен по предлог за издавање на казнен налог од ОЈО Охрид КО бр.243/23 од 26.06.2023 година за кривично дело Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот по член 300 став 3 вв член 297 став 3 вв став 21 од КЗ. Од

приложените докази судот наоѓа дека обвинетиот е сторител на кривично дело "Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот", а не на некое кривично дело кое се извршува со директна умисла од Кривичните дела против животот и телото во глава 14 од КЗ како тврди подносителот , по што судот донел пресуда за издавање казнен налог К-208/23 од 28.06.2023 година со која го огласил обвинетиот за виновен и му ја изрекол кривичната санкција која ОЈО Охрид ја побарал во предлогот за издавање на казнен налог и тоа Алтернативна мерка- Условна осуда со која обвинетиот на му се утврдува казна затвор во времетраење од 3 месеци и истовремено се определува дека утврдената казна нема да се изврши доколку во рок од 1 година не стори ново кривично дело. Со пресудата судот го упатил оштетениот -подносителот на претставката на парница за остварување на имотно-правно побарување према обвинетиот. На ден 18.09.2023 година пресудата била доставена до оштетениот , па од тој момент оштетениот е вклучен во постапката како е предвидено со ЗКП. Советот најде дека нема доказ за изнесените наводи за можни коруптивни дејствија на судечкиот судија освен незадоволството на подносителот од донесената одлука . Наводите во претставката се неосновани.

Претставка **УПП бр.08-336/23** поради незадоволство од постапување на судија на Основен суд Битола по предмет ПЛ1-ТС-188/19.Претставката се однесува на предметот ПЛ1-ТС-188/19 каде со делумна пресуда е одлучено само за тужбеното барање за главен долг, но не и по противтужбеното барање за кое правосилно било одлучено пред две години .Наводите на подносителот дека биле повредени процесните овластувања бидејќи по повод истите судот одлучил да води единствена постапка по двете тужбени барања, тоа што само тужбеното барање узреало за одлука не е пречка судот да донесе делумна пресуда кога истото е содржано во законот. Во донесената пресудата судот ги навел и образложил причините за донесуавње на делумната пресуда. Незадоволен од донесената пресуда подносителот изјавил жалба со истите наводи како и во претставката дека судот не требал да носи делумна пресуда. Апелациониот суд Битола постапувајќи по жалбата донел одлука ТСЖ-307/21 од 06.12.2021 година со која утврдил дека овие наводите се неосновани.Во однос на наводите во претставката дека целта на противтужбата била пребивање на побарувањето а како што стои и во одлуката на судот тоа е дека од тужениот не бил истакнат компезационен приговор, бидејќи без приговор судот неможе да пребива барање, па во ситуација кога има услови за донесување на делумна пресуда судот нема да ја одолговлекува постапката. Изнесеното во претставката дека со одлуката на судот е оштетен македонски субјект е неосновано, предвид да согласно на законот странките пред судот се еднакви, а судот има надлежност да донесе правилна и законита одлука, но нема одговорност за наплата на побарувањето како во конкретниот случај.Со оглед да сите процесни одлуки по предметот биле и жалбен навод пред Апелациониот суд Битола кој доколку би имало некоја неправилност во начинот на водење на постапката пресудата ќе ја укинел, ова предвид да за начинот на водење на постапката судот внимава и по службена должнос,т а во случајот уште повеќе што било жалбен навод.Претставката е неоснована.

Претставка **УПП бр.08-341/23** поради незадоволство од постапување на Основен суд Охрид по предметот П2-38/23, пред се од постапката на судијата поротник со неговото недоаѓање на рочиштето а и за судот во целост имајќи во предвид дека

рочиштето било закажано за 13 часот, заради што до тогаш судот можел да обезбеди друг поротник. Во предметот П2-38/23 подносителот постапувал како полномошник на тужениот. По објавувањето на предметот претседателот на советот констатирал дека за рочиште не се јавил судијата поротник,  при што, при обидот истиот телефонски да се исконтактира, не одговорил на повикот, заради што судот констатирал дека не бил составен согласно Законот за постапување по предметот, а со тоа и дека немало процесни услови за одржување на рочиштето.  Во однос на наводите дека судечкиот совет морал да има во предвид дека двајцата полномошници на странките доаѓаат едниот од Струга, а другиот од Куманово и дека со ваквото неодговорно однесување на судијата  поротоник ќе се предизвикаат трошоци за ангажирање на полномошници како и патни трошоци кои секако биле големи, претседателот на судот побарал произнесување од судечкиот судија  кој се произнел дека наведениот судија поротник не пристапил на рочиштето, ниту пак во обидот телефонски да се исконтактира, се јавил на повикот.  Исто така побарана била информација и од техничкиот секретар дали судијата поротник е уредно известен за рочиштето , и од доставеното известување во писмена форма за повикување на судијата поротник мегу другите и за наведениот предмет со датум и време кога е закажан. Дополнително и од судијата поротник побарано е примено произнесување по наводите во претставката која со писмена изјава од 31.10.2023година наведува дека на ден 16.101.2023година од здравствени причини не бил во можност да присуствува на закажаната расправа , но без да приложи писмен доказ на таа околност. Советот најде дека делумно се основани наводите заради фактот што неспорно е дека судијата поротник иако претходно уредно известен за рочиштето не пристапил пред судот, без навремено да го извести судот за неговата спреченост, па претставката ќе се проследи до членот на Советот координатор за рабоатата на Основен суд Охрид на натамошно постапување .Во однос на барањето за надоместок на трошоците од буџетот на судот ,  не постои законска можност за тоа туку само при заведена парнична постапка за надомест на штета каде подносителот доколку  докаже дека постои вина кај судот, би можел да ги надомести трошоците на кои  се повикува.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП.бр.08-341/23 гласањето се издвои и се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на наведената претставка.

Претставката е основана.

Со претставката се задолжува координаторот на предметниот суд со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.

Во продолжение се спроведе гласање за преостанатите претставки и се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

**7.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Селим Адеми** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП.бр.218/23** од 12.06.2023 година е поднесена од Адв. Б.Р. од Скопје полномошник на Ј. Дооел увоз-извоз Куманово се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Куманово по однос на предметот П4 бр.90/21 оформен по тужба на Друштво за градежништво, производство и трговија Е.П. ДООЕЛ Скопје против тужени – подносител на претставката, како и лицето Дејан Николовски од Куманово. Видно гореизнесеното, произлегува дека наводите во претставката, по завршување на првостепената постапка можат да бидат евентуално предмет на жалбена постапка, а по истите Советот не е надлежен да постапува согласно од чл.13 ст.3 од Законот за судови каде е предвидено дека судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судијата одлучува врз основа на слободно судиско убедување и врз основа на закон, а Советот нема надлежност да презема дејствија кои се надвор од надлежностите утврдени со закон. Воедно, советот не најде спротивно на закон постапување на судечкиот судија по предметот, а подносителот треба да го сочека изходот од првостепената постапка.По однос на истакнатите приговори кои судијата ги одбил како неосновани се дадени детални образложенија при процесното одлучување. Судијата го одредува и редот на изведување на доказите. Законот воедно дава можност да во одредени ситуации и по поднесено барање за изземање да може да се продолжи со постапување со цел постапката да не се одолговлекува. Во конкретниот случај пак по наведување дека ќе се поднело барање за изземање судијата – судот го прекинал понатамошното постапување по предметот и пристапил кон одредување на термин за наредно рочиште, а во записникот било наведено дека рочиштето се одлага, со напомена да доколку полномошникот на второтужениот – подносител на претставка достави поднесок за изземање со причини за изземање тогаш предметот ќе се достави до ВД претседателот на судот да постапи по истото.

Претставка **УПП.бр.292/23** од 12.09.2023 година поради незадоволство од постапување на судија на Основен суд Куманово по предметот РО-822/22. Подносителот бара да се донесе извршна судкса одлука по горенаведениот предмет со што ќе се спроведе правосилна судска пресуда У -4 бр.600/2010 на Управен суд. Наведува дека предметот се одолговлекува и дека законските рокови се пробиени.Видно од изјавата добиена од судијата кој постапувал по предметот, а по однос на времетраењето на постапувањето по предметот, како и тоа дека се пробиени роковите , со одлука на за измена на годишен распоред за работа судијата бил определен да постапува по стечани

предмети. Врз основа на истото бил зголемен обемот на работа на судечкиот судија бидејќи истиот постапувал по предмети од работни спорови, стечајни предмети и предмети од трговски спорови.Согласно истото се констатира дека наводите на подносителот се основани и на судијата е укажано по однос на почитување на законските рокови, изготвувањето на пресудите и презамањето на дејствија по предметите. Воедно, претставката ќе се проследи до координаторот надлежен за следење на работата на Основниот суд Куманово да ја следи работата на судијата и да преземе соодветни дејствија.

Претставка **УПП.бр.300/23** од 13.09.2023 година - поднесена од Адв. Ј.Т. од Тетово се изразува незадоволство од решение на Врховниот суд на Република Северна Македонија Рев2.бр.116/23 од 25.4.2023 година со кое ревизијата на тужените се отфрла како недозволена.Советот утврди дека причините поради кои Врховниот суд на РСМ ценел дека ревизијата е недозволена се образложени во самата одлука.Врховниот суд одлучувал во петчлен совет на судии и истите одлучуваат врз основа на слободно судиско убедување и врз основа на закон, а Советот нема надлежност да презема дејствија кои се надвор од надлежностите утврдени со закон.

Претставката **УПП-311/23** од 03.10.2023 година поднесена преку електронска пошта – е маил адреса на Советот, од страна на лицето Ј.В. со барање во дописот да се провери работата на судија на Основен суд Струга. По направени извиди во наводите по претставката, разгледана на седница одржана на ден 27.11.2023 година Советот одлучи по истата да не постапува и да се архивира бидејќи електронскиот допис не содржи електронски потпис, а воедно судијата против кого е поднесен ги исполнил условите за старосна пензија на ден 10.10.2023 година.

Претставката **УПП-333/23** од 19.10.2023 година поднесена анонимен подносител, Советот ја разгледа на седница одржана на ден -.11.2023 година и одлучи по истата да не постапува согласно член 8 став 1 од Законот за постапување по претставки и предлози.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП.бр.08-292/23 гласањето се издвои и се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на наведената претставка.

Претставката е основана.

Со претставката се задолжува координаторот на предметниот суд со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека членот на Советот Миљазим Мустафа ја напушти седницата од оправдани причини.*

Во продолжение се спроведе гласање за преостанатите претставки и се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

**8.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Павлина Црвенковска** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП.бр.08-259/23**. До Судскиот совет на Република Северна Македонија од страна на подносителот доставена е претставка, евидентирана под УПП.бр.08-259/23 од 14.07.2023 година. Поради тоа што претставката е воопштена и не содржи доволно конкретни информации, факти и докази врз основа на кои Судскиот совет ќе може да ја утврди фактичката состојба, согласно чл.5 од Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите („Службен весник на РМ“ бр.2/09) побарано беше претставката да биде уредена на начин што ќе се наведе за кои судски предмети станува збор, судиите кои постапувале по истите и околностите кои укажуваат на нестручно и несовесно постапување.

На ден 16.10.2023 година подносителот доставува дополнување, но не постапува по насоките на Судскиот совет за уредување на претставката и истакнува општо незадоволство, без да наведе конкретна одлука, судија и дејствије. Посочува дека поминал 17 години голгота и останал без пензија и социјално осигурување.

По спроведените извиди по повод наводите во претставката, врз основана на приложениот доказ кон претставката - пресуда на Управен суд, побарано е известување од страна на Управниот суд. Од истото се констатира дека по предметот У4.бр.36/19 судот донел одлука со која тужбата на тужителот, односно подносителот на претставката била уважена, поништено било оспореното решение и предметот бил вратен на тужениот орган на повторно одлучување. Одлуката била донесена на 05.05.2020 година и предметот бил архивиран на 01.03.2021 година.

Согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука.

Предвид наведеното наводите во преставката се неосновани.

Претставка **УПП.бр.08-304/23**. До Судскиот совет со претставки кои се однесуваат на незадоволство од работата на Основниот суд Дебар подносителот се обраќа во повеќе наврати. По повод претставка УПП.бр.08-302/21 од 10.05.2021 година, Советот одлучувал на седница одржана на ден 25.05.2021 година, во врска претставката УПП.бр.622/21 од 23.11.2021 година, Советот одлучувал на седница одржана на 29.03.2022 година и за претставка УПП.бр.08-359/22 од 12.10.2022 година, Советот одлучувал на седница одржана на 16.12.2022 година, а за исходот од постапувањето и одлучувањето подносителот бил известен.

Во последна претставка заведена во Советот под УПП.бр.08-304/23 од 20.09.2023 година се истакнуваат нови факти и околности кои не биле предмет на претходна оценка на Советот и тоа дека постапката по предметот П1.бр.35/18 на Основниот суд Дебар по истекот на повеќе од 6 години од нејзиното започнување сѐ уште е во фаза на подготвително рочиште, како и дека е повредено правото на судење во разумен рок.

По спроведените извиди по повод наводите во претставката се констаира дека наводите во претставката се основани.

Предметот П1.бр.35/18 на Основен суд Дебар предолго се наоѓа во фаза на подготвително рочиште. Исто така, Врховниот суд го прифатил барањето за судење во неразумен рок на подносителот на претставката и го задолжил судот во рок од 3 месеци да го заврши спорот. Решението на Врховниот суд ПСРРГ.бр.73/22 од 20.03.2023 година станало првосилно на ден 14.04.2023 година, а предметот сѐ уште не е завршен.

Списите од претставката да бидат проследени до координаторот надлежен за следење на работата на Основен суд Дебар согласно Годишниот распоред за работа на Судскиот совет на запознавање, а во врска со постапување и утврдување на причините поради кои предметот се одолговлекува.

Во продолжение се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека цело време странката приговара на одржаните подготвителни рочишта. Доколку имало увид на лице место и бил изведен доказ со вештачење тогаш морало да се премине на главна расправа. Тука е моментот кога престануваат правата на странката да доставува нови докази.

Посочи ако веќе било одлучено дека претставката е основана, претпоставува дека координаторот следел и треба да бидат запознаени за исходот од следењето. Бидејќи, од тоа што се гледа од претставката неколку елементи даваат за право дека требало да биде сериозно следено. Истакна дека подобро би било да се разгледа претставката заедно со извештајот од координаторот.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека произлегува дека има нови наводи за околности кои настанале после одлучувањето по претходните претставки. Токму заради тоа треба да се одлучи по претставката и да се спојат сите списи со конечниот извештај на координаторот.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека има жалба, но жалбата не се однесува на одлука со која мериторно се одлучува, туку жалбата е од процесен карактер. Тоа што се нови околности, иако подносителот на претставката и до сега се жалел на однесување на судијата, иако тие наводи Судскиот совет ги ценел сеуште ситуацијата е статус кво. И по 6 години предметот има фаза на подготвително рочиште, што е невообичаено. Добар и спремен судија подготвителното рочиште го затвора со едно рочиште и закажува главна расправа. Како нова околност е и тоа што жалителот се обратил и до Врховен суд со барање за судење во неразумен рок. Врховниот суд го прифатил барањето и го задолжил судијата во рок од 3 месеци да го заврши спорот. Решението е првосилно 4-ти месец 2023 година, а предметот сеуште не е завршен. Тоа значи дека на колегата треба да му се обрне внимание да посвети поголемо внимание на предметот.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека се согласува со колегите повторно да биде претставката основана и да се проследи до координаторот за понатамошно следење на состојбата со предметот.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека има друг предлог, да се повлече претставката, да се види што било преземено по претходната претставка кога било утврдено дека е основана, за да се види по однос на кои дејствија што е направено.

Откако повеќе никој не се јави за збор известителот продолжи со реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП.бр.08-330/23**. Претставката доставена до Народниот правобранител на РСМ, на ден 16.10.2023 година е препратена до Судскиот совет на надлежно постапување и одлучување.

Во претставката Народниот правобранител наведува дека побарал и добил известување од претседателот на Основен суд Куманово во врска со наводите од претставката и за тоа дека решението ПЛ.бр.2000/10 на Основен суд Куманово од 25.04.2012 година каде подносителката се јавува како тужена странка, доставено и е по пошта на 19.04.2021 година, после 9 години. Потоа предметот е даден кај извршител и треба да плаќа камата до денес. Бара да се утврди зошто Решението не и било доставено 9 години.

Како прилог кон претставката Народниот правобранител доставува одговор од судијата, како и одговор од ВД претседателот на судот во кој е наведено дека решението било доставено по 9 години. Судијата ги наведува причините за периодот сметано од 26.01.2017 како датум кога го примила предметот во работа, па се до 20.04.2021 година како датум на извршена достава на решението на тужената. По однос на периодот од издавањето на платниот налог - 25.04.2012 година до 26.01.2017 година не се во можност да се произнесат од причина што видно од АКМИС системот на судот предметот бил во работа кај судии кои се веќе во пензија, а судот имал и друг претседател.

По спроведените извиди по повод наводите во претставка побарано е известување од претседателот на Основен суд Куманово. Во известувањето од судијата е наведено дека предметот и бил распреден во работа со одлука на тогашниот

претседател на судот и истиот го примила на 26.01.2017 година, за што има податоци во АКМИС системот. Во тој период имало "акција" да се завршат старите незавршени предмети во судот во постапка за издавање на судски платен налог при што најмалку 2000 предмети биле распределени кај судиите, при што и биле распределени 400 предмети по платни налози. Пракса во Основен суд Куманово било во предметите ПЛ во име на судијата стручните соработници да ги преземаат дејствијата по предметите, а предметите се наоѓале кај стручните соработници. Со оглед да во тоа време судијата истовремено постапувала по вонпарнични предмети, предмети од мала вредност и ППНИ предмети во нејзино име сите дејствија ги извршувал стручен соработник, кој веднаш го доставил решението до странките, за полномошник на тужителот. Доставницата е вратена со назнака "отпатувал", по што решението било доставено до тужителот лично, а за тужената не била вратена никаква доставница од страна на Македонски пошти - Куманово. Била извршена втора достава - за тужената и била вратена доставницата со назнака "не побарал", по што судот постапил согласно чл.125 ст.2 и ст.3 од ЗПП - решението било ставено на огласна табла на судот, со што се смета дека доставата е уредна. При трета достава решението до тужената се вратило со назнака "преселен", по што е пратено барање до СВР Куманово - за адреса, а по добивањето на адресата извршена е четврта достава, кога тужената го примила решението на 20.04.2021 година. Истото станало правосилно на 29.04.2021, а извршно на 10.05.2021 година. Наведува дека причината за оддолговлекување е поради неможност на доставата, а за периодот пред 2017 предметот бил кај други судии, а делумна вина сноси и тужената, подносител на претставката, која одбегнувала да го прими решението. Подносителката поднесува претставка по 2 години откако решението станало правосилно, а судовите веќе не издаваат платни налози.

Со оглед на истакнатото се констатира дека наводите во претставката се основани. Претставката да се достави до координаторот надлежен за следење на работата на Основниот суд Куманово за запознавање, а во врска со постапување и утврдување на сторени евентуални пропусти во постапувањето по наведениот предмет во период од 2012 до 2017 година и периодот од 2017 година до 2021 година.

Во продолжение се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека лично е запознат со ситуацијата и тоа не е само случај во Основен суд Куманово, туку и во многу судови во РСМ. Станува збор за спорови поврзани со наплата на електрична енергија каде што тогаш има постапка по платен налог, за да во 2018 година има нотарски платен налог што не е иста постапка. По изјавен предлог од страна на доверителот ставен е печат дека се дозволува платниот налог и предметот е оставен и чуван по фиоки. Тоа не бил еден предмет и со тоа е ставена голема неправда на граѓаните. Доверителот со право барал камата, но граѓаните имаат право да се жалат, бидејќи за неплатена сметка од 900 денари, во 2006, 2007 година сега треба да платат согласно каматата 10 пати поголем долг на име камата од долгот во фактурата. Предметите не се чувани по вина на судиите, туку по вина на претседателите.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека конкретниот судија што постапувал направил се што можел, а произлегува дека судијата

не постапувал како што треба, а не можел да направи ништо освен да врши достава после толку изминати години. Не е правично да се стави на товар на судијата. Сите ја знаат состојбата со платни налози. Кога му биле дадени во работа предметите судијата постапувал и направил се што може.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе претставката да се проследи до координаторот надлежен за следење на работата на Основниот суд Куманово за запознавање, а во врска со постапување и утврдување на сторени евентуални пропусти во постапувањето по наведениот предмет во период од 2012 до 2017 година и периодот од 2017 година до 2021 година.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

Во врска со преставката УПП.бр.08-304/23 гласањето се издвои и се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на наведената претставка.

Претставката е основана.

Со претставката се задолжува координаторот на предметниот суд со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.

Во врска со преставката УПП.бр.08-330/23 гласањето се издвои и се констатира дека едногласно, со 7 гласа „За“ и 4 гласа „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на наведената претставка.

Претставката е основана.

Со претставката се задолжува координаторот на предметниот суд со цел да спроведе понатамошни извиди и информира за истите.

Во продолжение се спроведе гласање за преостанатата претставка и се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложената претставка.

**9.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП.бр.08-277/23** се повлекува заради спроведување на дополнителни извиди.

Претставка **УПП.бр.08-302/23**. Согласно чл.5 од Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите („Службен весник на РМ“ бр.2/09) кога наводите во претставката, односно предлогот се нејасни или нецелосни, овластеното службеното лице може да побара од подносителот дополнување, допрецизирање или појаснување на претставката, односно предлогот.

Во таа насока како би можел Судскиот совет да постапи согласно своите надлежности и да ја оцени основаноста на претставката, побарано е од подносителот во рок од 8 дена претставката да ја дополни на начин што ќе ги достави во фотокопија прилозите наведени во претставката, бидејќи истите не се приложени, во спротивно претставката ќе биде отфрлена.

Со оглед дека подносителот не постапи по барањето на Судскиот совет во дадениот рок, претставката се смета за отфрлена и се архивира со службена белешка.

Претставка **УПП.бр.08-312/23**. Подносителите преку ополномоштениот адвокат изразуваат незадоволство од одлуките на Апелациониот суд Скопје со кои делумно им се укинати првостепените одлуки. Сметаат дека Апелациониот суд Скопје погрешно ја применува одредбата од чл.117 ст.4 од ЗРО, видно од образложенијата на доставените одлуки на Апелациониот суд Скопје и насоките за постапување на првостепениот суд при повторното одлучување по однос на тужбеното барање на подносителите на претставката, за бонус на плата за 2019 година. Укажуваат дека Апелациониот суд Штип во исти правни ситуации поинаку ја применува одредбата од чл.117 ст.4 од ЗРО.

По разгледување на наводите во претставката и извршените извиди, проценето е дека во конкретниот случај Апелациониот суд Скопје правилно ја применил одредбата од чл.117 ст.4 од ЗРО и донел правилни и законити одлуки. Оттука, неосновани се наводите во претставката за нестручно и несовесно вршење на судиската функција при постапувањето и одлучувањето во предметите РОЖ.бр.630/23 и РОЖ.бр.1237/22 на Апелационен суд Скопје.

Во однос на доставеното Мислење на Владата на РСМ донесено на седницата одржана на 11.07.2023 година по повод барањето за автентично толкување на одредбата од чл.117 ст.4 од ЗРО, се укажува дека согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Во однос на наводите за невоедначена судска пракса, се укажува дека согласно чл.101 од Уставот на РСМ предвидено е дека Врховниот суд е највисок суд во

Републиката и дека го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите. Согласно чл.37 ст.1 од Законот за судовите Врховниот суд на Република Македонија на општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единството во примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите или по иницијатива на адвокати и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Утврденото правно мислење од страна на Врховниот суд на седницата одржана на ден 09.10.2023 година е во поткрепа на даденото образложение за неоснованост на наводите во претставката.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

**10.** Претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на заменик претседателот на **Советот Ханиф Зендели** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка **УПП бр.08-328/23** од 16.10.2023 година. Со барање за уредување на претставка УПП.бр.08-328 од 25.10.2023 година од подносителот е побарано во рок од 8 дена да ја уреди преставката на начин што во истата ќе наведе прецизни податоци - судот, судијата и бројот на предметот од кој изразува незадоволство, Ова од причини што Судскиот совет на Република Македонија, по проучувањето на претставката констатира дека е непотполна, со паушална содржина и не содржи конкретни податоци на што се однесува незадоволство на подносителот, ниту е наведен број на предмет и име на судијата од чие постапување подносителот изразува незадоволство. Со барањето подносителот е известен и дека доколку претставката не биде уредена ќе се смета за повлечена. Со оглед да подносителот на претставката не постапи по задолжението на Советот и во законски утврдениот рок не изврши уредување на претставката, предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка.

Претставка **УПП. бр.08-338/23** од 19.10.2023 година - во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје. Претставката видно од нејзината содржина се однесува на незадоволство од однесувањето на конкретен судија лично кон подносителот на претставката, како адвокат

и странка во одредена постапка. Според наводите од претставката однесувањето било деградирачко и некултурно. Поради наведеното подносителот бара Судскиот совет на Република Северна Македонија да утврди одговорност и соодветно да го санкционира однесувањето на судијата. Во член 68 ст.1 од Законот за судовите е предвидено дека „секој има право да поднесе писмена претставка до претседателот на судот заради недолично или непримерно однесување на судијата во службените односи со странките и да добие одговор на истата“. Со оглед на околноста да од содржината на претставката која подноситеот ја има поднесено до Советот произлегува дека истиот/та се има обратено и до Основниот граѓански суд Скопје каде судијата од чие однесување е незадоволна ја извршува судиската функција, во смисла на цитираната одредба од Законот за судовите потребно е најнапред да се сочека исходот на претставката поднесена до Основниот граѓански суд Скопје, односно произнесувањето на судот за настанот.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека членот на Советот Миљазим Мустафа повторно е присутен на седницата.*

Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

Во врска со претставката **УПП.бр.08-203/23** известителот истакна дека претставката била реферирана на претходната седница и било констатирано дека истата е неоснована. Посочи дека поради ненамерен пропуст пост фестум е утврдено дека постојат индиции за евентуална основаност на наводите во претставката и сознанија кои треба дополнително да се проверат.

Од тие причини, а по развиената конструктивна дискусија се одлучи предметот да се проследи до координаторот на предметниот суд со цел да спроведат понатамошни извиди.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека седница е завршена во 15:30 часот. Продолжението на 466-та седница се закажува за ден 05.12.2023 година (вторник), со почеток во 10:00 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Сашко Георгиев

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева

Продолжението на 466-та седница се одржа на ден: 05.12.2023, вторник во 10:15 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **Ханиф Зендели** заменик претседател;
- **м-р Антоанета Димовска**, член;
- **Мери Радевска**, член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Сурои**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(уредно поканета, отсуствува поради работни активности)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *уредно поканет, но не известил за причините за отсуство)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар;
- **Гордана Дувњак**, државен советник;
- **Александра Шоптрајанова**, самостоен референт;
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

## Точка 5

(Разгледување на извештаи од работни посети на Основен граѓански суд Скопје, Основен кривичен суд Скопје, Апелационен суд Скопје и Врховен суд на РСМ)

● По повод 5-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели во својство на известител.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Ханиф Зендели** и наведе дека Судскиот совет на ден 07.04.2022 година донесе заклучок бр.03-625/1 од 11.04.2022 година за формирање на работна група составена од координатори за работата на Врховниот суд на РСМ, Апелациониот суд Скопје, Основниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје која ќе изврши работни посети во наведените судови. Согласно Заклучок на Судскиот совет целта на посетата е да се изврши увид, да се направи анализа и да се испита состојбата во врска со предмети за конфискација на имотна корист прибавена со извршување на кривично дело во кои како странка се јавува правното лице Трансмет ДОО Скопје. Врз основа на извршените работни посети и увид во предметите од страна на работните групи кои изготвија и доставија извештаи за констатирани состојби, донесени се следните заклучоци:

Заклучок од работната група за Основен кривичен Суд Скопје од увидот на предметите, КС-41/17 од 07.03.2017 година, донесена од страна на Кривичниот совет на Основниот кривичен суд Скопје била со задоцнување доставена до МВР на РМ, СВР Скопје, ОЕКР, Единица за извиди и потраги, Одделение за потраги, односно истата била доставена на ден 10.03.2017 година, кој временски период бил искористен од осомничениот за да се да се даде во бегство.

Предметот КЗЗ-11/17 кој бил оформен во Врховниот суд на РСМ по поднесено Барање за заштита на законитоста подигнато од Јавниот обвинител на РМ КОЗ.бр.71/2017 од 27.03.2017 година, бил прераспореден и пререферириран, но утврдувањето на наведените факти и околности во смисла на постапувањето по овој предмет се во надлежност на Координаторот за Врховниот суд на РСМ. Од страна на судијата на претходна постапка била определена мерка притвор, односно одбиен е предлогот за определување на мерка притвор поднесен од страна на СЈО, а бил уважен предлогот за определување на гаранција, поднесен од страна на осомничениот преку неговиот бранител. Имено, со решение КПП-144/17 од 17.05.2017 година на осомничениот му била определена гаранција во вкупен износ од 875.298,56 евра односно 53.830.861,50 денари, која се состои во ставање на хипотека на недвижен имот. Притоа, судијата на претходна постапка донела одлука со која се става хипотека врз недвижен имот иако било видно дека покрај недвижниот имот се става хипотека и на движен имот, па нејасно е дали хипотеката се однесува и за движниот имот, односно дали е ставен залог и дали истиот е владетелски или невладетелски залог. Воедно, по однос на движниот имот првостепениот суд не навел кој е сопственик на возилото, ниту го навел бројот на сообраќајната дозвола, а кои околности претставуваат релевантни факти. Исто така судијата на претходна постапка била должна да утврди дали од страна на одбраната се прибрани и доставени сите материјални докази. Судијата на претходна постапка при повторното постапување, односно дури на ден 16.06.2017 година побарала од судијата да и биде доставена одлуката донесена во постапката која се водела против

осомничениот во конкретниот случај, со која се определува привремена мерка -Забрана за отуѓување и располагање со ставање хипотека на имот. Пред Основниот кривичен суд Скопје била поведена постапка и по Барање за привремено одземање на имот и предмети заради обезбедување , на правното лице „ТРАНС МЕТ" ДОО Скопје, под КПП-212/17, со предлог за привремено одземање на имотот и предмети заради обезбедување со забрана за оттуѓување и запленување, односно владетелски залог на подвижните предмети кои ги поседува осомниченото правно лице наведени во барањето, како и забрана за оттуѓување на недвижен имот со ставање на хипотека на недвижен имот наведен во барањето. Оваа постапка е завршена со отфрлање на барањето. Причина за одлуката е неуредување на барањето, а постапката за проценка не можела да се спроведе поради несароботката на правното лице со правното лице кое требало да изврши проценка, во смисла дека полномошникот, Адвокатско друштво не соработувал, односно не известил за да може да се изврши увид.

Со Решението на судијата на претходна постапка КПП-315/17 од 10.05.2017 година не е опфатен имотот на Трговско радиодифузно друштво Телевизија НОВА ДООЕЛ Скопје кое станало сопственик на имот запишан во ИЛ 46288 КО Гази Баба со договор за продажба на недвижен имот, а во Пресудата К.бр.1459/17 од 20.07.2018 година опфатен е тој имот иако истиот бил оттуѓен на 09.05.2017 година. Од ова произлегува дека со пресудата К.бр.1459/17 е конфискуван и имот на кој сопственик не е обвинетото правно лице со оглед дека истиот бил продаден на друго правно лице. Заклучоците од констатираната состојба во Основниот кривичен суд Скопје, во склоп на единствените заклучоци да се доставaт до наделжното јавно обвинителство.

Заклучок од работната група за Основен граѓански Суд Скопје Од увидот на предмети: П.бр.781/2021 од 11.03.2021 година, ТС-22/2021 од 30.07.2021 година, ТРЖ-1846/21 од 12.12.2021 година, П.бр.781/2021 од 27.12.2021 година, и СУ-03.бр.949/21 од 11.03.2021 година.

По предметот СТ-30/19 констатирано е дека во рамките на стечајната постапка која се води над стечајниот должник Друштво за градежништво транспорт и трговија Трансмет ДОО Скопје - во стечај на ден 20.12.2019 година се одржани испитно рочиште и извештајно собрание на доверители. Согласно одржаното рочиште судот на ден - 20.12.2019 година донел решение со кое се утврдуваат и оспоруваат побарувањата на доверителите. Воедно, на предлог на предлагачот „Три беко груп ДОО„ Скопје било донесено и решение со кое е прифатена иницијативата за изготвување на план за реорганизација и продолжување на деловниот потфат на стечајниот должник. Од произнесувањето на судијата констатирано е и дека со оглед да од страна на Основниот кривичен суд Скопје во целост е конфискуван имотот на стечајниот должник „Трансмет" не е превземено никакво дејствие со цел впаричување на имот и намирување на доверителите, а согласно одредбите од Законот за стечај, па од истите причини после рочиштето одржано на ден 20.12.2019 година не е одржано ниту едно рочиште или собрание на доверители. Во списите на предметот, при увид на истиот предмет стои Начелно правно мислење на Врховен суд на РСМ од 09.07.2021 година, каде е наведено дека „Решението на надлежен суд донесено согласно чл.200 ст.7 од ЗКП, со кое им е наложено на финансиската институција или на правно лице привремено да го запрат извршувањето на одредена финансиска трансакција или работа и решението донесено од надлежен суд во текот на кривичната постапка согласно чл.202 од ЗКП, за привремена мерка со која се забранува отуѓување и располагање со одредена недвижност или

подвижна ствар, не претставува пречка и не може да се смета дека надлежниот извршител постапувал незаконито при спроведување на извршувањето на постапката за реализација на договор за залог склучен пред донесените решенија за привремена мерка, кој договор има својство на извршна исправа“. Од увид во списите на предметот СТ 30/19 констатирано е дека кон истиот се споени предметите неколку предмети и оформени други тужби по однос на разлачни права. Врз основа на увид во сите списи на предметот Ст. Бр.30/19, вклучително и споените предмети кон истиот, како и од увид во контролникот кој се води при Судски совет на РСМ како електронско досие на предмети по судовите, стои дека предметот СТ 30/19 е примен во Основен граѓански суд Скопје на ден 29.01.2019 година и стои дека предметот е во тек и е жив предмет. Видно од наведеното произлегува дека стечајната постапка не е завршена од причини што се чека завршување на започнатите постапки од кои зависи дали ќе се стекне било каква стечајна маса или не. А исто така не може да се запира и заклучи постапката поради тоа што имотот на стечајниот должник кој е конфискуван се уште фигурира на име на стечајниот должник , и дека од како државата ќе го префрли целокупниот имот на нејзино име, може да се создавата услови за заклучување на стечајната постапка, стечајната постапака е се уште во тек.

Заклучок од работната група за Апелационен суд Скопје од увидот во предметите КСЖ бр.135/17, КС.бр.41/17, КСЖ.бр.245/17, КСЖ бр.712/18, КС.КР бр.2324/18 од 31.05.2018 година, КПП. бр.315/17.

Видно од правосилната кривична пресуда К.бр.1459/2017 од 20.07.2018 година, правосилна на 11.03.2019 година, како што е образложено и во Пресудата на Основниот граѓански суд Скопје ТС- 22/21, ТС-21/21 и ТСЖ-1846/21 на Апелациониот суд Скопје, предметните договори помеѓу Трансмет и Шпаркасе Банка не биле воопшто земени предвид и при одлуката да се спроведе конфискација на наведениот недвижен имот. РСМ - Агенцијата за управување со одземен имот се стекнала со сопственост на недвижниот имот со конфискација на ден 11.03.2019 година, кога веќе предметниот имот е оптоварен со хипотека во полза на Шпаркасе Банка АД Скопје.

Исто така, Спогодбата ОДУ бр. 514/2018 од 05.11.2018 година, склучена во форма на Нотарски акт, е склучена во време кога конфискацијата определена со предметната кривична пресуда не била обезбедена со привремената мерка со решението на IIКПП.бр.315/17 од 10.05.2017 година на Основниот кривичен суд, бидејќи видно од ова решение, обезбедувањето трае до завршување на кривичната постапка, односно до донесување на првостепената пресуда К.бр.1459/2017 од 20.07.2018 година.

Во стечајната постапка над Трансмет ДОО Скопје отворена со Решение на Основниот граѓански суд Скопје СТ-30/2019 од 04.09.2019 година, на ден 20.12.2019 година донесено е Решение СТ-30/2019 со кое утврдени се разлачни права, меѓу другите и на доверителите Пуцко Петрол ДООЕЛ Пласница и Шпаркасе Банка АД Скопје. Доверител во стечајната постапка била и РСМ застапувана од Државното правобранителство, која во стечајната постапка не го оспорила разлачното право на наведените доверители, односно правото на одвоено намирување на нивното побарување од недвижниот имот кој бил опфатен со решението за привремена мерка IIКПП.бр.315/17 од 10.05.2017 година на Основниот кривичен суд.

Заклучок од работната група за Врховен суд на РСМ. Од увидот на предмети поврзани со правното лице „Трансмет" ДОО Скопје од кои два кривични предмети КЗЗ.бр.11/2017 и КВП.бр.114/2019 и три предмети по ревизија - РЕВ2-515/19, РЕВ2- 97/18

и РЕВ1-311/21. Со одлуката е уважено барањето за заштита на законитоста, укинати се првостепеното и второстепеното решение и предметот е вратен на првостепениот суд на повторено постапување и одлучување. Одлуката е експедирана на 12.05.2017 година до Апелационен суд Скопје.

Од одлуката за изменување и дополнување на распоредот за работа на судиите и судската администрација во Врховниот суд е направена прераспределба на конкретните предмети и судиите кои работеле и постапувале по наведените предмети веќе со заклучоците и одлуката за изменување на годишниот распоредот предметите се доделени на други судии кои постапувале, а дел од судиите и не се судии во Врховен суд. Од записникот од Општата седница на Врховниот суд на РСМ одржана на ден 11.04.2017 година констатирано е дека на истата општа седница се констатирал дневниот ред каде требало да се расправа по однос на поденсените приговори како и по однос на правните прашања кои произлегувале од конкретните предмети.

Сумираше дека од вкупниот извештај и заклучоци изготвени од работните групи од страна на судовите е постапено законито. Провостепените одлуку биле под контрола при поднесени приговори и жалби. Општ заклучок и негово мислење е дека извештаите можат да се проследат до Основното јавно обвинителство како материјали за понатамошна постапка.

Во продолжение, претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека и е драго што Извештајот се нашол на дневен ред. Се надева дека ќе се развие сериозна дискусија, имајќи ја во предвид сензитивноста на конкретниот случај, особено што значајна е вредноста којашто е опфатена во случајот и којашто не е конфискувана, односно неконфискуваниот имот. За се тоа е поминат и долг период.

Укажа дека Извештајот прочитан од координаторот, колегата Ханиф се однесува на доставени заклучоци од останатите координатори изготвени заедно со членовите на работната група и тоа на Основен кривичен суд, Основен граѓански суд, Апелациониот суд Скопје и на Врховниот суд.

Посочи дека ќе се задржи на Заклучоците произлезени од Работната група за Основниот кривичен суд каде во тој период е координатор. Имајки предвид дека посетата е извршена лани, односно Извештајот е доставен 26.05.2022 година се оградува само во оној дел на нејзините доставени заклучоци. Во останатиот дел ниту може да верификација со нејзиниот потпис, ниту може да го потврди. Останува на заклучоците дадени за Апелациониот суд Скопје од страна на координаторот, бидејќи била член на Работната група.

Нагласи дека сите заклучоци се произлезени од констатираната состојба во основниот извештај и во нив се имплементирани пропусти коишто се однсуваат на постапување на судот, односно на сторени повреди од страна на судот коишто биле констатирани по извршениот увид во неколку предмети, односно во сите оние предмети коишто биле опфатени во Основниот кривичен суд.

Напомена дека со решение КПП.бр.144/17 од 17.05.2017 година судијата на претходна постапка донела одлука со која се става хипотека врз недвижен имот, иако било видно дека покрај недвижниот имот се става хипотека и на движен имот. Тука останува нејасно дали хипотеката се однесува и на движниот имот, односно дали е

ставен залог и дали истиот е владетелски или невладетелски. Тоа го потврдува и решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.245/17 од 06.06.2017 година со која жалбата на СЈО е уважена, а решението од ст.2, односно за определената гаранција е укината и предметот бил вратен на повторно постапување. Станува збор за недвижен имот со внатрешна површина од 487м2 кој е со проценета вредност од 30.970954,50 денари. Судијата на претходна постапка кога било укинато решението при повторното постапување побарала од другиот судија на претходна постапка каде што бил заведен друг предмет да и биде доставена одлуката донесена во постапката која се водела против осомничениот Сеат Кочан, но судијата била должна да се заинтересира претходно за таа постапка и да се заинтересира за донесената одлука со што не би се довела во состојба да одлучува по неуредно барање и неутврдени факти и околности, односно без докази за имот за којшто бил предмет на барањето.

Додаде дека понатаму, бил заведен и предмет КПП.бр.212/17 и во постапката е отфрлено барањето, бидејќи несоработувало правното лице Трансмет со правното лице кое требало да изврши проценка, во смисла дека полномошникот не соработувал, односно не известил дека може да се изврши увид.

Дополни дека со решение на судија на претходна постапка КПП.бр.315/17 не е опфатен имот на ТРД ТВ Нова ДООЕЛ кое станало сопственик на имот запишан во имотен лист со договор за продажба на недвижен имот, а со основната пресудата К.бр.1459/17 од 20.07.2018 година опфатен е тој имот иако истиот бил оттуѓен на 09.05.2017 година. Од тоа произлегува дека со наведената пресудата е конфискуван имот на кој сопственик не е обвинетото правно лице со оглед дека истиот претходно бил продаден на друго правно лице. Ниту судот, ниту обвинителството побарале договорот за купопродажба на недевижниот имот да се прогласи за ништовен, не иницирале постапка на истото за да може тој имот да се конфискува, туку истиот со пресудата е конфискуван, а де факто не може да се изврши конфискација на тој имот. Со тоа судот му овозможил на обвинетиот Сеат Кочан имот стекнат со кривично дело да му се прифати како гаранција дека нема да се даде повторно во бегство и да не му биде определена мерка притвор.

Прецизира дека Заклучоците се од констатирана состојба, но со оглед на периодот, односно датумот на сторени повреди и пропусти коишто се констатирани членовите на Работната група, ниту останатите членови имаат можност да преземаат понатамошни дејствија, бидејќи мора да се почутува чл.61 ст.1 од Законот за Судски совет во кој е наведен и субјективниот и објективниот рок. Заради сето наваедено предлогот на Работната група е Заклучоците во склоп на единствени заклучоци да се доставаат до надлежното Јавно обвинителство заради запознавање за состојбата. Во јавноста е познато  дека и во Обвинителството се истражува случајот, така да и Советот во дел би помогнал околу таа состојба. Се држи на ставот дека не само по констатираната состојба, целокупниот извештај насловнен како извештај, но де факто заклучоци кои што се должни да ги дефинираат Советот треба да ги достави неселективно до надлежното Јавно обвинителство, бидејќи „рацете им се врзани“ поради чл.61 ст.1.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека како координатор на Апелациониот суд Скопје во моментот кога е вршен увид во предметите по однос на имотот кој бил користен како гаранција против обвинетиот Сеат Кочан во

кривичните постапки извршени се увиди во сите предмети кои се во врска со случајот. Појасни дека во однос на кривичниот дел во Апелациониот суд Скопје водени се две постапки пред судија на претходна постапка во којшто се донесени решенија каде што е определена гаранција против осомничениот Сеат Кочан. Меѓутоа, имотот над кој е определена гаранцијата не е идентичен во двете постапки. Дел од имотот е и во едната и во другата постапка, но има и други имоти. Едната е КПП.бр.144/17 каде што првостепеното решение на судијата за претходна постапка е обжалено од страна на СЈО, па Апелациониот суд постапувајќи по жалбата на СЈО и по службена должност истото го укинува и предметот го враќа на повторно судење пред првостепениот суд. Во другиот предмет КПП.бр.315/17 каде што е опфатен како гаранција имотот на обвинетото правно лице Трансмет и Силекс Кратово, имот вреден од околу 8 милиони евра е донесено првостепено решение коешто е обжалено. По жалба на решението на кривичниот совет одлучува Апелациониот суд и со одлука КСЖ.бр.712/18, по жалба на бранителите на обвинетите жалбите се одбиени и е потврдено решението на судијата на претходна постапка. Со ова решение и покрај тоа што предлогот на СЈО бил за определување на гаранција да се донесе решение со кое гаранцијата ќе трае на имотот до правосилно завршување на кривичната постапка, судијата на претходна постапка носи одлука со која гаранцијата трае до завршување на првостепената постапка пред Основниот кривичен суд Скопје. Меѓутоа, на таквото решение нема жалба од СЈО. Жалбите против решението се само од страна на бранителите и по други основи. Затоа по овој дел, по однос на гаранциите нема вина од страна на судот.

Во однос на граѓанскиот дел од извршениот увид во предметите кои биле пред Апелациониот суд Скопје Работната група констатирала дека клучот на сите предмети е предметот СТ.бр.30/19, стечајната постапка над имотот на Трансмет каде што голем дел од правните лица, вклучително и банки имаат пријавено во постапката разлачно побарување заради правни дела склучени во момент или претходно од правосилноста на првостепената кривична постапка каде што ја има гаранцијата до нејзина правосилност. Тој период не е покриен со мерката за обезбедување на гаранција заради решението КПП.бр.315/17 до завршување на првостепената постапка. Во тој период, но и многу претходно има правни дела што други правни субјекти склучуваат со Трансмет и нормално дека во предметот СТ.бр.30/19 кој се водел пред Основниот граѓански суд Скопје пријавиле разлачни побарувања по однос на своите побарувања спрема Трансмет и судот ги утврдил тие побарувања. Тоа што е клучно во случајот за да се цени постапувањето на судот е што во постапката е вклучен Државниот правобраниел. Нема при утврдувањето на разлачните права ниту еден приговор во постапката, иако Државниот правобраниел е тој што го штити имотот на државата во случајот. Поминати се и утврдени разлачните права, дел од тие побарувања веќе се најдени и пред извршители. Многу подоцна во 2020 и 2021 година Државното правобранителство пушта тужби за поништување на правни дела на тоа што можел да го стори и да приговара доколку сметал дека не им следуваат разлачните побарувања во постапката СТ.бр.30/19. Тоа треба да се знае затоа што е многу битно при утврдување дали може да се најде повреди од страна на судот при постапувањето во клучните предмети коишто се врзани со имотот кој бил предмет на гаранција на Трансмет.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе да се разјасни дека се водела една постапка за определување на гаранција, а во другата постапка е

привремена постапка за обезбедување на имотот. Нема две постапки за гаранција, постапките се различни. Судијата која не определила притвор, определила гаранција и повисокиот суд го укинал тоа решение и ги образложил причините. Имало хипотека на недвижен имот и ставен залог на подвижен имот каде што не било утврдено дали се работи за владетелски или невладетелски залог. Судијата морала да води сметка и да го види решението за привремена мерка каде што се определила забрана. Меѓутоа, тука не настапила никаква последица, бидејќи во решението за кое другиот судија требал да води сметка за него определила привремена мерка до донесување на одлука, но не до правосилност и СЈО молчи. Судијата има право да определи притвор или да прифати гаранција. Легитимно право е да се жали. Тука се зборува за имот, што се случува со имотот на Трансмет, тоа е суштината. Заклучокот на СЈО е дека е задоволен од таквото решение.

Отуѓувањето на имотот на Трансмет на Нова ДООЕЛ се случило на 09.05.2017 година, па оттука не се согласува со заклучокот дека судот не презел т.е. не барал договорот за купопродажба на имотот да се прогласи за ништовен. Прво, судот не е тој што поведува постапка, тоа требал да го направи обвинителот или правобранителот. Во случајот обвинителот е тој којшто де факто во постапката дава и предлози за конфискација на имот за да може да се конфискува имотот кој очигледно е спротивно на закон отуѓен во време на постапката и никој не презема дејствија, ниту обвинителот, ниту правобранителот. Зошто се става на товар на судот, кога тоа требал да го направи обвинителот во фаза на траење на кривичната постапка, затоа што тој ги знаел сите факти. Не може да се согласи дека тука судот има вина. Извештајот се разгледува од аспект што е со имотот, што е со конфискацијата, што е со обештетувањето на државата и кој нешто не презел. Не презел обвинителот, не презел правобранителот. Тоа е нејзиниот заклучок.

По однос на граѓанскиот дел нормално е да има различни постапки, затоа што има различни фази. Ако е ставена хипотека пред да отпочнат кривичните постапки не може да се доведе во прашање правото на банката да бара разлачно да се намири. Меѓутоа, за другите постапки има можност да се види дали се ништовни тие правни дела ако некој веќе знае дека е отпочната кривична постапка. Повторно вината е на правобранителот. Во тој дел би го преформурилала заклучокот точно да се посочи дека во делот на претходната постапка обвинителството не го заштитило имотот, а потоа е вината на првобранителството затоа што ништо не направило. Да се констатира дека обвинителството не презело ништо да се заштити имотот во текот на кривичната постапка, а и по правосилното завршување на кривичната постапка правобранителството било должно да покрене некоја постапка, поготово кога се отворила стечајната постапка и се излегло на виделина. Тој имал и се уште има можност да покрене постапка.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека не може товарот да се става само на Обвинителство и Правобранителство, меѓутоа постои дилема дали со пресудата можел да биде конфискуван имот кој претходно бил оттуѓен. Укажа дека членовите на Работната група заклучоците ги нотирале како пропусти и неспорно е дека се пропусти, а не повреди. Меѓутоа, повредата е во оној став каде што се вели дека со решение на судија на претходна постапка КПП.бр.315/17 не е опфатен имотот на ТВ Нова кое станало сопственик на имот запишан со договор за продажба на недвижен имот, а во пресудата е внесен тој имот. Напомена дека тоа е основното, бидејќи тој имот

не е на обвинетото правно лице и заради тоа смета дека има пропусти судијата ако го констатирал истото при носење на одлуката. При постапување имало можност тој факт да се утврди и иницира постапка.

Посочи дека пропустите што се процедурални, за којшто немало штетни последици и што можеле да бидат исправени со правен лек, тоа се пропусти кои членовите на Работната група само ги нотирале.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе да се имаат во вид датите на преземените дејствија, кога обвинетиот избегал и на која дата е продаден имотот во однос на преземени или погрешно преземени дејствија.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека кога се дискутира извештајот и предлог заклучоците изготвени од Работната група мора да потсети да не се бега од основната надлежност, а тоа е да се следи работата на судот односно судовите. Се бега од сопствените надлежности дискутирајќи или констатирајќи пропусти на СЈО, на одбрана, на Државно правобранителство. Основна надлежност и тоа е основната цел во формирањето на Работната група да се изврши анализа, односно увид во предметите од кривична и граѓанска област и целта е да се утврди дали во постапувањето со субјектот има пропусти на судот, односно судиите кои одлучувале по конкретните предмети во смисла на нестручно, несовесно и неодговорно однесување.

Од сработеното од страна на Работната група и содржината на изготвениот Извештај, мора да се подецидни ако се држат на општиот заклучок дека има пропусти, но направен е пропуст на протек на време и не се во можност со примена на чл.63 од Законот за Судски совет таму каде што се утврдени пропусти да преземат и соодветни дејствија или покренат соодветни постапки, па за таа цел се оди во насока да се извести Обвинителството. Ако се оди во таа насока треба да бидат подецидни, не само како гол извештај. Ако постои заедничка согласност дека има елементи на пропуст, односно нестручно или несовесно однесување во тој дел Извештајот, односно Заклучоците да бидат изострени. Во кој дел Судскиот совет смета дека е направено нестручно, неодговорно однесување, од кој судија, по кој предмет, па Обвинителството да продолжи тоа да го потврди или не се согласи.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека тоа што сакал да го каже, го кажал колегата Ивица. Дека Советот треба да постапува во склоп на своите надлежности и не им е задача да ја испитуваат работата или да даваат квалификации дека има пропусти во Обвинителството или Државното правобранителство. Нивната работа треба да ја ценат други органи. Исто така, со Извештајот не може да се констатира дали има пропусти или вина од страна на судиите или судот, туку само може да имаат елементи или индиции.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека Работната група морала да ги констатира пропустите, затоа што се гледаат. Штом не е реализирана целта, пропустите се направени. Кога се прави Извештајот од анализа во предметите во кој е вршен увид се констатира дека има пропусти, меѓутоа пропустот не е на страна на судот во смисла на нестручно, несовесно и неодговорно работење во тој

дел. Затоа е посочено што требале да направат другите органи, бидејќи се инволвирани во целиот случај, без да се цени нивната нестручност, неодговорност или пропуст.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека основа за тоа што сега се гледа во Конечниот извештај е обемен извештај на 34 страни даден само за увидите во предметите во Основен кривичен суд. Во фаза кога не можат да утврдат одговорност на судиите со постапка определена со закон заради протек на време, субјективна одговорност во одделни постапувања не можат да се утврдуваат. Оттаму, не може децидно да каже дека некој за нешто е крив. Има факти кој, како и кога постапувал. Затоа е предлогот Извештајот да оди во Обвинителството, па ако ценат дека има основ можат да покренат постапка, меѓутоа во Судскиот совет не можат да се даваат квалификации дека некој е виновен ако не се знае дали има или нема умисла, односно дали некој постапувал со небрежност, намера итн. Сите факти, постапувањето, роковите, начинот на одлучување се содржани во Извештајот и било каква преработка на Извештајот и додавање на некакви квалификации би било погрешно. Затоа е предлогот да се достави до Јавното обвинителство.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и истакна дека тоа што е наведено во Заклучоците како пропусти мора да се нотира како пропуст, бидејќи во моментот и во иднина Судскиот совет поради протек на рокот од чл.61 ст.1 не може да утврдува дали има повреда или не. Доколку евентуално би постоела можност во постапката за утврдување на одговорност судиите ќе ги даделе своите аргументи и тогаш Судскиот совет би ценел. Посочи дека се е анализирано и воопшто не е прејудицирано во заклучоците кој направил повреда. Останува да се достави до обвинителство, но не како кривична пријава, туку како известување заедно со останатите извештаи во прилог заради иследување на состојбата. Укажа дека не станува збор за обвинувања, ниту за констатирани повреди, бидејќи не може да се констатираат во моментот, ниту пак за кривична пријава.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и наведе дека како судија кој работел во било која фаза и ја донесол пресудата, или судија на претходна постапка или судија за извршување на санкции ако добие сознание дека некој продал нешто, а донесена е одлука дека имотот се запленува, или е обезбеден имот, или во текот на постапката откако е обезбеден имотот се добијат сознанија дека се искористени датуми кога некој недоставувал податоци, па тој тогаш продава и како чесен граѓанин, не како судија Државното правобранителство е тоа што е надлежно и ќе упати писмо веднаш до Државното правобранителство, нема мир да има додека не го извести Државното правобранителство и побара ништовност. Станува збор за совесност во работата. И судот и судиите коишто имале сознанија за сето ова а премолчеле имаат барем морална одговорност. Штета што Јавното обвинителство што не ја знае својата надлежност во однос на заштита на буџетот, на државниот имот и не ја користи својата надлежност.

Во однос на другиот дел има донесено решение за обезбедување на имот од судот. Тоа се носи за да не се оттуѓи имотот, затоа што се работи за кривични дела кои се однесуваат на економски криминал, за да се обезбеди имотот за да може државата или други оштетени лица да се намират. Прашање е дали тој имот кој е веќе обезбеден ако постои кривично дело да се обезбедат и обештетат оштетените може да биде

гаранција. Дали може со имот кој претставува гаранција дека ќе се обештети оштетениот да се прифаќа дека тоа е и гаранција дека нема некој да избега. Тука е прашањето и прифаќа дека тоа треба да се преформулира место имот стекнат со кривично дело да стои имот кој е предмет на решение за обезбедување на имотот, за да не доаѓа до забуна.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека кога се мисли судот не се мисли ниту на кривичниот судија, ниту на судија на претходна постапка, туку генерално на цел суд, бидејќи отпосле оние предмети коишто се заведени во Одделението за извршување на санкции тоа е веќе откако станала правосилна и извршна пресудата. Се мисли од моментот на иницирање на првата постапка во судот до извршување на пресудата.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека од сите дискусии и од извештаите произлегува еден заклучок. Пропусти сторени можеби има и на страна на судот, меѓутоа од увидот во сите предмети нема елементи за утврдување на одговорност кај било кој судија. Истакна дека не се противи на предлогот извештајот да се проследи на надлежните органи за да се утврдува евентуална понатамошна вина.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека не знае дали има или нема елементи за утврдување на одговорност, бидејќи рокот е поминат за иницирање на било каква постапка. Во спротивен случај, дали како координатор или член на Советот би преземала и други дејствија, би обезбедила и други докази, би утврдила одредени околности за да може конечно да се каже дека пропустите може да се формулираат како нестручно и несовесно постапување.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека смета дека нема елементи за утвдување на одговорност на судија, бидејќи и да имало кај првостепените судии пропусти по жалба можело да се реагира од страна на Обвинителството во тие делови.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека во моментот не може да лоцира пропусти од аспект на процесно и материјално постапување на судијата. Може да се каже дека морално требал да извести, но ако формално правно се гледа интересите ги штити обвинителот. Толку е обемен и сликовит Извештајот и можеби е подобро истиот без заклучоци да се проследи до обвинителството.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека Правобранителството морало и требало да биде известено за целиот тек на кривичната постапка и морало да се изнајде начин. Заклучокот за формирање на Работната група за Трансмет е со нејзин потпис кога била претседател на Судскиот совет и сето тоа е иницирано од Државното правобранителство. Смета дека Извештајот треба да се испрати и од Обвинителството и до Правобранителството. Укажа дека можеби со Извештајот и со нивните констатации ќе им помогнат и укажат дека не е доцна да побаат

ништовност на одредени акти. Посочи дека не треба однапрад да се прејудиција кој и како е виновен врз основа на Извештајот. Кога се знае дека се води постапка за Трансмет во Обвинителството и ДКСК исто така излегла со свој Извештај и Заклучоци, Судскиот совет не треба да се впушта во прејудицирање нечија вина и нечија одговорност со Извештајот.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.
По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ извештајот е усвоен со истакнатите забелешки.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**

(Одлучување по известување)

Процедурално за збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и истакна дека се иззема од расправата и одлучувањето по 6-та точка од дневниот ред, бидејќи е подносител на барањето за утврдување на одговорност.

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека членот на Советот Павлина Црвенковска ја напушти седницата поради горенаведените причини.*

Врз основа на чл.39 ст.2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот Сашко Георгиев предложи за 6-та точка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.
Претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.
По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја ИСКЛУЧИ ЈАВНОСТА од седницата за 6-та точка на дневниот ред.

Се констатира дека претставниците на медиумите и друга поширока јавност ја напуштија седницата.

[redacted]

[redacted]

[redacted]

Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред.

**Точка 7**

(Разно)

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека членот на Советот Павлина Црвенковска повторно е присутна на седницата.*

*Претседателот на Советот Сашко Георгиев констатира дека членот на Советот Мирсад Суроји повторно е присутен на седницата.*

● По повод 7-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Сашко Георгиев му даде збор на членот на Советот Ивица Николовски во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека барањето се однесува на судискиот стаж, поточно предлогот е да се усогласат дека на член на Судскиот совет од редот на судиите не му престанува судискиот стаж. Да се прави разлика од мирување и судиски стаж. Доколку нема дилема, нема потреба да се расправа, затоа што Законот тоа не го забранува, туку произлезено е такво мислење, размислување, став итн. Но, доколку сметаат дека има дилема, секој со своето размислување и убедување да донесат заклучок.

Истакна дека околу судискиот стаж, неговото мислење е дека на член на Судскиот совет од редот на судиите му мирува судиската функција и тоа е предвидено во чл.35 од Законот, но не му е прекинат судискиот стаж. Прашањето е дали ставот заземен наназад од Судскиот совет и понатаму на ист начин ќе се применува.

Во продолжение, претседателот на Советот Сашко Георгиев отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека во барањето има две работи. Едната е за судискиот стаж, тој не се прекинува, продолжува да тече како член на Судскиот совет. Меѓутоа, тука има уште една работа, членовите на Судскиот совет од редот на судиите се пензионираат согласно ЗРО како и сите останати судии, а не како членови на Судскиот совет. Членовите на Судскиот совет од редот на судиите уживаат судиски имунитет исто како судии. Со еден збор кажано, тие се судии и додека привремено ја обавуваат функцијата, на кое нешто укажува и чл.19 од Уставот, така што во тој период им мирува само судиската функција. Ова подразбира дека тие не можат да судат активни предмети по судовите.

Прашањето е ако се пензионира член на Судскиот совет од редот на судиите како судија, а мандатот како член на Судскиот совет сеуште му трае, треба ли да остане како член на Судскиот совет?

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека се согласува во делот за стажот, но побара од подносителот на барањето да прецизира кој член од Деловникот бара да се измени.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека не бара измена, бидејќи предложеното прашање не е предвидено во Деловникот. Предлага дополнување. По членот 5, да се додаде чл.5а и формулацијата да гласи: „Мандатот на членовите на Советот избрани од редот на судиите да се смета во непрекинат судиски стаж". Другиот дел поврзан со оценувањето има консензуз дека тоа ќе биде опфатено во делот на Методологијата.

Доколку нема дилеми нема и потреба Деловнички да се интервенира.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** и наведе дека ако треба да се дополни Деловникот за работа на Судскиот совет тогаш по автоматизам мора и Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите. По негово мислење не треба да се задира во дополнување на Деловникот по однос на судискиот стаж, бидејќи истиот е предвиден во системот.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека на вчерашниот состанок било заклучено да се формира една комисија, составена од тројца членови од редот на судиите, како не би се оставило впечаток на субјективност од страна на членовите избрани од страна на Собранието. Комисијата да излезе со конкретна Анализа на законските одредби и Деловникот, па да истапи со предлог до Судскиот совет и тогаш да се одлучува.

За збор се јави членот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека ако нема дилема околку судискиот стаж, тогаш нема за што да се расправа. Доколку се поаѓа по идејата за измени и дополнувања на Деловникот, треба да се има во предвид чл.17 од истиот, „Советот ја утврдува потребата за донесување или изменување на деловник, правилници, одлуки, решенија, заклучоци, мислења и други акти. Советот со одлука

формира комисија составена од три члена на Советот за изготвување на актите од ст.1 од овој член. Актите од ст.1 од овој член ги донесува Советот на седница.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека прашањето неколку пати е наметнато. Посочи дека смета дека во Деловникот за работа на Судскиот совет не може да се толкува законска одредба. Укажа дека има законска одредба и секој да ја толкува како што смета.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и наведе дека зема урнек од Советот за јавни обвинители, кој конкретното прашање го има утврдено во Деловник и до ден денес го имплементира. Укажа дека никој не одговорил на прашањето од каде произлегува таквиот став на Советот, од причина што Законот не го третира негативно прашањето.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и упати прашање каков став зазел Судскиот совет, кога во системот на Судскиот совет е внесен стажот? Посочи дека се алудира во однос на унапредувањето во повисок суд (Апелационен и Врховен суд) и се сака да се дерогираат одредбите од Законот за судови. Укажа дека не е точно дека има став Судскиот совет, стажот е засметан во системот.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека крајно време е прашањето да се реши деловнички. Да се отпочне постапката и да се формира Комисија и Комисијата да даде свој предлог.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека најмногу сака да излезе во пресрет, меѓутоа не може со Деловник за работа на Судскиот совет да се толкува законска одредба.

За збор се јави членот на Советот **Антоанета Димовска** и наведе дека и да се утврди потребата, треба да се знае точно за каква потреба станува збор. Стажот е дефиниран по закон. Ако се утврди потреба, треба да се утврди потреба за менување на актите кои го регулираат бодувањето и оценувањето за унапредување во повисок суд.

Претседателот на Советот Сашко Георгиев откако повеќе никој не се јави за збор констатира дека е донесена следната:

ОДЛУКА

СЕ ФОРМИРА Комисија од членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија, во состав од:

- м-р Миљазим Мустафа - претседател на Комисијата
- Мирсад Суроји - член на Комисијата и
- Ханиф Зендели - член на Комисијата.

Комисијата се задолжува да ја утврди потребата за изменување на подзаконските акти на Судскиот совет на Република Северна Македонија и да изготви Извештај со предлог до Советот.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот Сашко Георгиев констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 466-та седница на Советот и дека истата е завршена во 13:00 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис и Листингот со резултатите од гласањето се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Сашко Георгиев

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева